# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од второто продолжение на Сто десеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јуни 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Благој Ханџиски, Љупчо Анушев и Данило Глигороски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 721 потставка 7212, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, Со овој амандман предлагаме во членот 2 од билансот на приходите во ставка 721 потставка 7212, приходи од јавни финансиски или нефинансиски институции, износот да се намали од една милијарда 334 милиони денари на една милијарда и 87 милиони денари.

Образложение е тоа што со Буџетот за 2002 година точно се утврдуваат приходите од јавните финансиски и нефинансиски институции, нема никаков основ за да се зголемат овие приходи за 22,72%, или за 247 милиони денари.

Предлагам Собранието добро да размисли и да го усвои овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот ќе го ставам на гласање кога ќе се исполнат условите за тоа.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 463, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине претседателе јас процедурално би интервенирал.

Со оглед на тоа што немаме доволен број на пратеници, предлагам поединечно да биде гласано за секој наш амандман, а не потоа да се гласа во пакет за амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не во пакет, поединечно ќе се гласа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Да се гласа поединечно меѓутоа после секој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таква обврска нема никаде.

**ЗВОНКО МКРЧЕСКИ:**

Бидејќи Владата не го поддржа нашиот амандман со кој во членот 2 од билансот на приходите во ставката 463 каде што за мебел, канцелариска опрема, износот од 440 милиони и 887 илјади денари се заменува со износот од 100 милиони денари.

Образложението е следното. Сите ние овде и од опозиционите партии и од власта, а најмногу народот на Република Македонија ја осеќаат тешката економска и социјална криза во која се наога државата. Овде се предвидува околу половина милијарда денари за набавка на мебел и канцелариски материјал во државните институции. Затоа ние сметаме, до колку навистина имаме таква криза, да не ги издвојуваме овие средства за мебел и канцелариски материјал, туку да ги префрлиме во други ставки, таму каде што е подобро, за задоволување на социјалните проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Овој амандман ние го даваме за да се задржи поентата на она што и самата Влада го даде како образложение пред Собранието, односно ребалансот на

Буџетот да биде само за оние сфери каде што беше кажано пред јавноста, конкретно да се зголемат платите на буџетарите. Но тука, во целиот буџет се гледа дека овој ребаланс само фиктивно ја има таа намера, зголемување на платата на буџетарите за некој процент, а во овој буџет останува расипничкото трошење на парите, така што и покрај оваа социјална криза, останува луксузот како определба на оваа Влада и нерамномерно трошење на парите на даночните обврзници. Затоа мислам Собранието треба да покаже доблес и да го прифати овој амандман, бидејќи овој амандман е на штета на граѓаните на Република Македонија, бидејќи со оваа ставка од Буџетот се зафаќаат големи материјални средства и тоа за некои сфери кои во овој момент воопшто не се потребни. Се зафаќаат дури 500 милиони денари за нешто што се вика луксуз, за мебел, а од друга страна во преговорите со буџетарите Владата за секој денар се бори. Така што од една страна се бореше дали ниската плата да биде 4.500 или 5000 денари, а овде за нешто што се вика мебел, луксуз на претставниците на власта, се даваат 500 милиони денари. Затоа Владата треба да се преиспита и да го прифати овој амандман, а апелирам до Собранието да гласа против луксузот во овие тешки времиња.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот ќе го ставам на гласање подоцна кога ќе дојдат доволон број пратеници во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел О9002 ставка 427 потставка 427113, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Иако е евидентно дека амандманите во пакет, без да се погледаат се отфрлаат, сепак поради јавноста и пратениците, ќе го прочитам ова за да се знае што Владата одбива. Инаку овој амандман е на член 3 раздел 09002 во ставката 427 потставка 427113. Тука на гласот на расходи за попис, износот од 350 милиони, според нашиот амандман се заменува со нула.

Образложението за овој амандман е кратко, бидејќи таквите средства ги има и беа планирани уште за Буџетот за 2001 година, истите не беа потрошени во овој Буџет, така што нема потреба од повторно донесување во Буџетот на вакви средства. Инаку овие пари можат да завршат во друга намена, а Владата работејќи нетранспарентно со Буџетот, евидентно е дека и овие 350 милиони денари ќе отидат во онаа сфера каде што ние и во општата расправа кажавме, се не се само за основната намена на овој ребаланс, туку во предизборната кампања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот ќе го ставам на гласање подоцна кога ќе дојдат доволен број пратеници во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09 002 ставка 424, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

ВМРО-Македонска предлага амандман во членот 3 раздел 09002 во ставката 424, износот 4 милијарди 571 милион да се замени со износот 4 милијарди и 100 милиони денари.

Ако се има предвид дека предвидените расходи во Буџетот за 2002 година за резервистите, од 4 милијарди и 100 милиони денари се огромни, а на теренот во моментот нема некои високи воени дејствија, ВМРО-Македонска смета дека нема потреба од зголемување на овие средства. Доколку состојбата беше навистина катастрофална и на теренот се случуваа воени дејствија од поголем опсег, секако дека Министерството ќе имаше оправдување за еден ваков потег. ВМРО-Македонска смета дека во овој момент овие 471 милион денари треба да се наменат за друга намена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот ќе го ставам на гласање подоцна кога ќе дојдат доволен број пратеници во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 464 поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој бара збор?

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, и овој амандман е многу сличен на претходниот што го образложив. Пак се продолжува со истата недомаќинска политика на Владата бидејќи таа безмилосно ги троши средствата од Буџетот наместо да ги насочи во некои други сфери, пред се во стопанството или пак во социјалата.

Во членот 2, балансот на приходите и расходите, во ставот 464 Владата предвидува со ребалансот од Буџетот да издвои за купување на нови моторни возила износ од 134 милиони 050 илјади денари. Ние предлагаме тој износ да се укине. Доволно беа овие години купување на мерцедеси и други скапи возила во моментот на социјална и длабока економска криза. Администрацијата веќе е полна со моторни возила и ние сме на мисла дека оваа тенденција треба да се стопира. Во овој ребаланс што на сите ни беше претставен како изнуден поради зголемување на платата на буџетарите е крајно ниско да се протура уште еден нов луксуз, уште едно ново растурање од Буџетот во некои нестопански, несоцијални и воопшто сфери кои во овој момент не би требало да се форсираат. Ние мислиме дека до крајот на оваа година не треба да се набавуваат нови возила туку овие средства што ќе бидат наменети за луксузот, наместо да се зголемува возниот парк кој и онака е предимензиониран, прескап и тн., овие пари да се укинат во Буџетот. Буџетарите можат оваа година да се стрпат и да се возат во старите мерцедеси, мерцедесите од минатата година. Затоа како партија ВМРО-Македонска предлагаме оваа ставка во Буџетот да се укине и дека треба да се има малку доблест за состојбите во земјава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас имам намера овој амандман да го поддржам не затоа што тој е беспрекорен, туку затоа што тој обрнува внимание на неразборито тро-шење народни пари, средства кои инаку се нужни во многу други сегменти. Ние не можеме да се оглушиме од тоа дека недостигаат основни материјали во здравството, дека во школите имаме исто така недостатоци, но за луксузни возила и друг инвентар некако нема кочница.

Би укажал на една голема неправилност при распределбата на овие моторни возила.

Возниот парк со кој се опслужува Собранието на Република Македонија не е добар. Ние имаме од службата која не е под Собранието, што исто така не е коректно, но еве таа служба е дел од заедничките служби на Владата, а ние сме посебна гранка на власта. Од таа служба ние имаме укажувања дека возилата со кои тие располагаат за потребите на Собранието се несоодветни, или се престари или не се добро одржувани. Тука мислам дека е потребно, ако не друго барем за атер на претставнич-ката функција да се обрне внимание и Собранието, но веќе не Владата. Јас мислам дека тука не е виновно ни Министерството за финансии, не Вла-дата да поведе сметка, туку Собранието да поведе сметка, своите служби да ги воспостави во секој сегмент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Јас повторно би се јавил со можност да го разубедам мнозинството во Озбранието да дадат поддршак на нашиот амандман.

Навистина во услови кога се носи, така да кажам нов Буџет на Република Македонија со кој се планира да се задолжат даночните обврз-ници за нови 10 0 милиони германски марки, средства кои ќе се испумптаат од македонската економија и од македонското стопанство, во услови кога не е .склучен аранжман со ММФ, ВМРО-Македонска смета дека не е потребно овие средства во толкав износ, од 134 милиони денари да бидат наменети за купување на возила за Владата. Затоа сметаме, ако некогаш сме се залагале за домаќинско работењени за трошење наменски на сите

средства од даночните обврзници во македонската економија и во македонското сто-панство, ВМРО-Македонска предлага со овој ребаланс на Буџетот воопшто да не се предвидат средства за купување на нови моторни возила и на пратениците им предлага да го усвоја нашиот амандман, односно да му дадат поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот ќе го ставам на гласање подоцна кога ќе дојдат доволен број пратеници во салата.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443043, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дали некој бара збор?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине претседателе, почитуван претставник на Владата, Бидејќи се докажа дека сосема е непродуктивно да ве убедуваме, барем некои од нашите амандмани да прифатите во услови кога во Македонија царува повеќе од 50% невработеност, кога загубарите неможат да врзат крај со крај, кога се исклучува електрична енергија на граѓаните на Република Македонија заради неплатени сметки, кога народот својата егзистенција, огромен дел од народот не знае како да ги задоволи своите егзистенционални потреби, вие не прифаќате еден амандман со кој ние предлагаме во разделот 15020, социјална заштита, во ставката 443043 трансфери за невработени заради структурни реформи, износот од 3 милијарди 901 милион да се замени односно да се зголеми со 4 милијарди и 080 милиони денари. Знаеме дека недостатокот на средства кои нема да дојдат во Република Македонија заради тоа што не е склучен аранжманот со ММФ во висина од 100 милиони марки, Владата има намера со нови даночни обврзувања да ги компензира тие средства и да ги инкорпорира во новиот Буџет, односно во ребалансот на Буџетот како што сака да го нарече Владата. Како резултат на тоа ќе се појават тешкотии во работењето на економските субјекти во Република Македонија, така што вработените и тие малку кои одат на работа, понатаму ќе се судрат со проблем да не можат да добиваат плата, иако знаеме дека повеќето од нив повеќе месеци наназад немаат добиено плата. Како резултат на ваквата политика и новите даночни оптоварувања, дефицитот во Буџетот кој ќе се појави и инфлацијата која што е на повидок, ВМРО-Македонска предлага да се зголемат средствата за социјалните програми за овие работници на некој начин да имаат минимална животна егзистенција. Затоа ние предлагаме да се зголема тие средства. Јас мислам дека треба да се има малку елементарно чувство кога пред вратите на Собранието ни доаѓаат загубарите и не молат да ги поддржиме во рамките на нивните намери.

Ние порано предлагавме зголемување на личните доходи во администрацијата, за загубарите и тн., во периодот кога се донесуваше Буџетот на Република Македонија за 2002 година. Тогаш исто така немавте слух. Зарем е можно, ако некој е од друга партија, токму заради тоа што е од друга политичка партија, само заради тоа неговите амандмани да не бидат поддржани, или воопшто да не бидат разгледани и така отфрлени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 09001 ставка 463, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 15020 ставка 443, потставка 443414, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? - Има збор господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Иако гледам дека ниеден од амандманите нема да се прифати, бидејќи оние амандмани што планираше Владата да ги прифати и да го измени оној првобитен текст ги даде преку претставниците на позицијата, сепак за овој амандман морам да реагирам бидејќи ми е чудно зошто барем овој амандман не се прифаќа.

Се работи за амандман на членот 3 раздел 15020 во делот за социјална заштита. Во ставката 443 потставка 443414 односно трансфер на фамилии кои се социјално загрозени. Ние предлагаме ставката предвидена во ребалансот на Буџетот од 3.247.000.000 да се замени со 3.484.740.000 денари.

Образложение, средствата се наменети за исплата на еднократна помош на загрозените фамилии во висина на месечниот износ. Да ве потсетам, во досегашните амандмани што ги одби претставникот на Владата, само за набавка на возила се дадени овие средства. Да не зборуваме Владата што планира средства кои се два пати поголеми за мебел, планираните средства за платените таканаречени експерти во Министерството за финансии, така што се паѓа во вода од основните заложби и она што го кажа министерот за причините за предлагање на овој ребаланс. Ако на пратениците им е мило средствата наменети за социјалните случаи да ги наменат за средства за луксуз за претствниците на власта, односно средства за хонорари, за коли, за мебел, тогаш треба да го одбијат овој амандман, но тогаш да не продаваат демагогија дека се за буџетарите, се за социјалните случаи во државата, од кои поголемиот дел се резултат од оваа Влада. Значи, ова се средства за социјалните случаи.

При гласањето тоа мора да се има предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 09001 ставка 426, поставка 426712, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, Она што го кажав за претходниот амандман, важи и тука, односно во овој ребаланс на буџетот се предвидува во членот 3 во одделот за Министерството за финансии, во ставка 426 - Фирма на договорни услуги, потставка 426712, пари за независни консултанти и експерти во износ од седум милиони денари. Со овој амандман предлагаме истите да се намалат на еден милион и петстотини илјади денари. Евидентно е дека Министерството за финансии има доста вработени луѓе, има стручен персонал, така што овие трошоци за надворешните услуги на стручните консултанти треба да се сведат на некое разумно ниво. Тука не гледаме никаква друга намера, освен буџетските пари да се префрлат на луѓе блиски до власта кои под фирма на експерти треба да го земат она што во буџетот беше предвидено за социјалните случи, буџетарите и т.н. Значи, за вакви намери Владата ги троши државните пари, а кога ќе треба на пример да се дозволи зголемување на парите наменети за социјална заштита и во другите сфери, за буџетарите и тн., тогаш го мери секој денар. Поради тоа мислиме дека оваа ставка е непотребна во ваков износ и треба малку доблест за да се прифати амандманот, треба малку совест во трошењето на народните пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Јас би му помогнал на координаторот на пратеничката група на ВМРО - Македонска во убедувањето на пратениците на Собранието да дадат подршка на нашиот амандман со неколку аргументи кои *ќе* ги изнесам, со анализата која е правена во ВМРО-Македонска во однос на последните три буџети кои се донесени и со кои располагаше оваа Влада.

Во последните три години за такви трошоци, затоплување, материјали, договорни услуги и други трошоци пстрешени се повеќе од 23.577.000.000

денари. Станува збор за бројка од 780.000.000 германски марки. Почитувани колеги пратеници, ако во овие изминати три години во кои. се потрошени повеќе од половина милијарда германски марки за купување возила, мебели во Министерството за финансии и во другите министерства, договарање, констултански услуги од компании, од странство или незнам каде, навистина сметам дека ова не е момент во овие тешки состојби кога се најавува нов бран на инфлација има влошување на социјалните тензии во Република Македонија, да не го прифатите овој наш амандман. Затоа сакам да ве убедам дека сега на крајот на мандатот на ова Собрание и на оваа Влада да направиме нешто добро за граѓаните на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас би сакал само накусо да се осврнам околу зборот инфлација, бидејќи тоа се кажа сега во дискусијата. Точно е дека буџетот може да биде иницијатор на такво движење. Мое видување е дека вака проектираниот буџет нема да произведе инфлација. Но, поимот е многу сериозен, опасностите за Република Македонија од можна експлозија на инфлација висат, но не заради буџетот и заради проекцијата, веројатно и ако биде прифатен овој амандман, таквата опасност не ќе биде надмината.

Од своја страна сериозно укажувам на енормниот недостиг кој постои кај Народната банка на Република Македонија. Најнапред станува збор за тоа што нема именувани лица гувернери, потоа затоа што не е воспоставен советот на Народна банка, а веројатно и затоа што нема никаква контрола од страна на Собранието за нејзиното работење. Инфлацијата е навистина миг кој може Македонија сериозно да ја удри и за ова прашање должни сме да поведеме сметка ако воопшто сакаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Звонко Мирчески.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на господинот Бошков што се надоврза на мојата дискусија. Навистина, што се однесува до Народната банка и до именувањето на вице гувернери и други функционери во Народната банка на Република Македонија, ВМРО-Македонска како опозициона партија ниту има увид, ниту има некое влијание. Затоа, во редот на политичката партија од каде што доаѓа, бидејќи е од власта, може да се залага да се надминат тие проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Јордан Бошков, веројатно реплика.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Да, точно е тоа дека вие како партија не можете да сторите многу. За жал изгледа и другите партии не можат многу да направат. Позицијата за сега е таква што не е можно да се исчекори ни натаму ни наваму. Според Уставот, предлогот за гувернер е кај претседателот на државата, согласно Законот за Народна банка што ние тука го усвоивме и вице гувернерите и членовите на Советот исто така ги предлага претседателот. Секое одолговлекување понатаму може да доведе до сериозни нараушувања во тој монетарен систем. Веројатно ќе биде потребно, како што се посветува многу внимание, а поводот беше токму поимот инфлација што вие го уфрливте овде господине Мирчевски, веројатно ќе биде потребно колку што се посветува внимание на тоа дали ќе се одржат избори, па фер да бидат, според традицијата на демократијата, веројатно ќе има потреба да се поведе сметка и за Народната банка час поскоро. Мене ме загрижува огромниот молк по ова прашање, кој постои во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Илија Илоски, но ве молам зборувајте по амандманот, а не за Народната банка.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да, строго по амандманот ќе зборувам. Бидејќи господинот Бошков излезе малку од контекстот, почитувајќи го Деловникот, строго ќе се држам до амандманот кој е предмет на расправа. Веднаш сакам да кажам дека го подржувам овој амандман, со следното образложение.

Она што вчера го говорев во општиот претрес по Предлог законот за ребаланс на буџетот, фактички сега се потврдува низ амандманската расправа и низ овие амандмани што се поднесени од

координаторот на пратеничката група на ВМРО-Македонска, господинот Ненад Ристовски. Фактички, сите овие амандмани кои до сега беа на дневен ред, а гледам и другите што доаѓаат, фактички се потврда на она што вчера го говорев дека Владата ја пробива јавната потрошувачка и троши непродуктивно огромни средства кои по пат на фискаслна пресија ги зема од даночните обврзници. Ако се земе предвид фактот дека имаме енормно зголемување на бројот на вработените токму во министерствата, во јавната администрација и секогаш кога од страна на опозицијата се укажува дека тоа е спротивно на реформскиот курс што беше зацртан во рамките на кредитните аранжмани со Светската банка и ММФ, секогаш од страна на Владата бевме убедувани дека сите приеми се извршени по пат на стручно и експертско владение на материјата и во одредени сектори се бараат стручни лица кои ќе покријат одредена проблематика. Токму овој амандман говори дека тоа не било така како што ни се кажувало. Точно кога ќе дојдеме на овие прецизни поединечни ставки и кога ќе ги анализираме, гледаме дека Владата не вработувала стручни лица во јавната администрација, туку напротив, партиската книшка била единствениот валиден документ по кој се вршеле вработувањата и доаѓаме до ситуација во одредени министерства да бидат вработувани лица по партиска линија кои ниту терминолошки не ја владеат таа материја. Од тие причини, не случајно Владата оди сега во материјализирање на тие обврски и износот од предвидени 1.500.000 денари, што не ни малку за стручни експерти да се платат на ниво на година во едно министерство, го подигнува на цели седум милиони денари. Тоа е уште една потврда на раскалашеното трошење на Владата и она мое вчерашно укажување дека навистина ако се изанализираат сите ставки од буџетот во аналитичкото конто на оваа материја што ни е доставена, ќе се најдат токму оние заштеди, да се исполнат конкретно обврските што се преземени спрема Синдикатот.

Затоа, овој амандман ќе го подржам и би ги молел колегите пратеници токму на овој начин да и укажат на Владата дека со ваква рационализација опозицијата нема апсолутно ништо против да ги исплати дополнителните обврски што би произлегле во текот на потпишувањето на Спогодбата со синдикатите, стипендиите за студентите, пензиите, социјалните трансфери и тн., а не и натаму да врши даночна пресија и натаму да го држи нивото, не проектираното, туку зголеменото ниво на собирање на данокот на финансиски трансакции, а со тоа да се фали колку биле ефикасни во собирањето на даноци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. - По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 02001 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Стојан Андлов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 02001 ставка 401 и потставка 401112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Стојан Андлов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во меѓувреме пратеникот Ристо Спанаков поднесе амандман на член 3 раздел 08001 програма 11; ставка 420 потставка 420113; раздел 08001 програма 11 ставка 420 потставка 420114; раздел 08001 програма 11 ставка 420 потставка 42012; раздел 08001 програма 11 ставка 420 потставка 420122; раздел 08001 програма 11 ставка 420 потставка 420123; раздел 08001 програма 11 ставка 423 потставка 423112; раздел 08001 програма 11 ставка 423 потставка 423211; раздел 08001 програма 11 ставка 423 потставка 423214; раздел 08001 програма 11, ставка 423 потставка 423217; раздел 08001 програма 11 ставка 424 потставка 424111; раздел 08001 програма 11 ставка 424 потставка 424112; раздел 08001 програма 11 ставка 424, потставка 424113; раздел 08001 програма 11, ставка 425 потставка 425215; раздел 08001 програма 11 ставка 426 потставка 426511; раздел 08001 програма 11 ставка 426 потставка 426811; раздел 08001 програма 12 ставка 401

потставка 401113; раздел 08001 програма 12 ставка 426 потставка 426211; раздел 08001 програма 12 ставка 463 потставка 463111 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, ставка 443 потставка 443717, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на член 3 раздел 01002 програма 11 ставка 401 потставка 401112, потставка 401217, потставка 401216, ставка 402 потставка 402111, потставка 402112, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511 програма 12 ставка 401 потставка 401112, потставка 401217, потставка 401216, ставка 402, потставка 402111, потставка 402112, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411 и потставка 402511 и на раздел 06001 програма 12 потставка 401119 и истиот го повлече.

Пратеникот Александар Талевски поднесе амандман на член 3 раздел 01002 програма 11 потставка 401112, потставка 401216, потставка 401217, потставка 402111, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511, програма 12, потставка 401112, потставка 401216, потставка 401217, потставка 402117, потставка 402112, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511 и на раздел 06001 програма 12 потставка 401119, по кој Владата не се произнела.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 08001, програма 11, ставка 420, потставка 420113, раздел 08001, програма 11, ставка 420 потставка 420114, раздел 08001, програма 11, ставка 420 потставка 420121, раздел 08001, програма 11, ставка 420 потставка 420122, раздел 08001, програма 11, ставка 420, потставка 420123, раздел 08001, програма 11, ставка 423, потставка 423112, раздел 08001, програма 11, ставка 423, потставка 423211, раздел 08001, програма 11, ставка 423, потставка 423213, раздел 08001, програма 11, ставка 423, потставка 423217, радел 08001, програма 11, ставка 424, потставка 424111, раздел 08001, програма 11, ставка 424, потставка 424113, раздел 08001, програма 11, ставка 425, потставка 425215, раздел 08001, програма 11, ставка 426, потставка 426511, раздел 08001, програма 11, ставка 426, потставка 426811, раздел 08001, програма 12, ставка 401, потставка 401113, раздел 08001, програма 12, ставка 426, потставка 426211, раздел 08001, програма 12, ставка 463, потставка 463111, раздел 09002, програма 12, ставка 427, потставка 427119, ставка 443, потставка 443717, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? - Господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Еве конечно и јас да се согласам со претставникот на Владата, овој амандман апсолутно не треба да се прифати и сакам да образложам зошто.

Кога вие г. претседателе го читате тоа како техника на пример раздел 08001, програма 11, ставка 420, потставка 420113 итњ, и тн., навистина оној што не го погледнал амандманот не му е јасно за што се работи, а поготово на јавноста треба да се објасни за што овој амандман говори.

Не знам од каде му е идеата на г. Спанаков да поднесе еден ваков амандман кога цело време се бориме да се скратат административните трошоци на Владата. Овде господа се работи за беснотиите што ги покажува министерот за надворешни работи. Откако е дојден тој фактички сите ставки, овие што ги читате како техника, се патувања во земјата, патувања во странство, патувања во странство, телефони и телефакси од странство, горива и масла од странство и незнам што уште не од странство.

Тој г. министер откако е дојден сите ставки што му се определени и по наша оценка кога говоревме за буџетот за тоа министерство дека се проектирани на релативно високо ниво тогаш, сега гледаме дека со овој амандман ги има скоро удвостручено. На пример бара покачување на износот за дневници за патување во странство, сместување да се подигне од 2 милиони на 5.828.000, тоа не е 100% туку над 100% подигање на потрошените средства за дневници и сместување во странство. Ако г. сака да ужива во авионот на Слободан Милошевиќ, и во хотели со пет звездички тоа вчера го говоревме во општиот дел на расправата, а денеска низ амандманска расправа

аргументирано можеме да го потврдиме. Токму тоа беа нашите несогласувања со Владата дека апсолутно се однесува дека тоа се пари од татковците нивни во џебот што им е ставено и дека немаат никакво чувство на одговорност дека тоа се пари од народот. Или на пример друга ставка да земеме - патување во странство за хранарини и дневници да се зголеми износот од 8,7 на 9,02 милиони денари. Овде бараат цел милион повеќе. Или на пример телефони и телефакси износот од 14,2 милиони денари да се зголеми на 28. Или имаше една ставка, веќе не можам во оваа шума од барања да се снајдам, на пример Министерството за надворешни работи програма 11, ставка 424, потставка 424113 ленти, касети износот од 80.000 денари, а знаеме како се проектираат износите кога се прави буџетот, базни податоци им се минатогодишните материјални трошоци за таа конкретна потреба и тие биле проектирани на 80.000 денари а сега на милион денари. Значи имаме 12 пати покачување на таа ставка.

Бидејќи сме дојдени на пола фискална година, јас се надевам дека овој амандман го нема на памет поднесено пратеникот Спанаков, нашиот колега, најверојатно е замолен од некои структури во МНР, а бидејќи сме како што кажав, на половина од фискалната година овие износи најверојатно се пробиени. Апсолутно наместо да се прифати овој амандман добро е Владата што го одбива, сега на среде фискална година треба да се побара одговорност од министерот за надворешни рабаоти зошто ги потрошил. Ако тој сега бара на пример од 14 милиони на 32 милиони денари да му се покачат трошоците за патување, дневници, сместување по хотели во странство тој треба да каже дека износот од 14.469.000 денари ги има потрошено, а знаеме како, не знаеме зошто оди во Мексико, не знаеме зошто оди во Америка, не знаеме зошто се враќа ваму и со истиот авион повторно се враќа назад. Пешки не може да си дојде но не може да патува со авионите на Слободан Милошевиќ. Јас знам дека за Америка не се оди пешки ниту се враќа, затоа уште сега министерот за финансии преку внатрешните контролни служби да направи контрола во МНР и да ги погледне токму овие позиции за зголемување на ставките во МНР.

Уште еден материјален доказ како одредени министри се однесуваат дека им е ова татковина или дедовина, оваа држава за нив. Затоа е добро што Владата не го прифати и пратениците да се изјаснат против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. - По амандманот *ќе* гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на чл6н 3, раздел 01002, програма 11, потставка 40112, потставка 401216, потставка 401217, потставка 402111, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511, програма 12, потставка 401112, потставка 401216, потставка 401217, потставка 402112, потставка 402211, потставка 402212, потставка 402311, потставка 402411, потставка 402511, раздел 06001, програма 12, потставка 401119, поднесен од пратеникот Александар Талевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Дајте да видиме дали може сега да обезбедиме, повикајте ги пратениците сите да влезат и да минеме на гласање.

Молам да влезат пратениците.

Сите пратеници нека влезат во салата.

Молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

(службите ги бројат пратениците)

Ве молам пратениците да си седнат на своите места да утврдиме точен број на пратеници присутни во салата. Во меѓувреме влегоа, 59 се избројани, има и нови.

Имаме веќе доволен број, ве молам седнете си на своите места.

Амандманот на член 2, ставка 721, потставка 7212, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Господинот Краљевски процедурално како ќе гласа.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, од претставникот на подносителите на амандманите беше

кажано, односно една априори констатација дека најверојатно поднесените амандмани од таа пратеничка група нема да бидат прифатени. Немаше потреба од таква сугестија, ние како Пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ го изградивме ставот дека по тие поднесени амандмани ќе гласаме против од следната причина.

Имено, тие амандмани имаат една единствена цел да внесат конфузија во Предлог-законот на ребалансот на Буџетот, конфузија која има крајна цел да не се исплати зголемувањето на платите на работниците во јавната администрација и да не се обезбедат, во крајна линија, средства за редовна исплата на пензиите или 8-те проценти на пензионерите.

Од тие причини, бидејќи тие амандмани имаат деструктивна цел да го растурат Предлог-законот за ребаланс на Буџетот ние ќе гласаме против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ненад Ристовски, сака да каже како ќе гласа, а најверојатно ќе гласа за, а не гледам потреба да се јавувате за збор.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Има потреба според Деловникот ние имаме право да реплицираме и сме повикани како партија подносители.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На реплика немате право, само како ќе гласате.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Јас ќе образложам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право со никого да спорите, вие кажете само како ќе гласате. Немате право да спорите г. Ристовски. Расправата заврши, со никого не спорите, само кажете како ќе гласате.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе би ви укажал ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема што да ми укажете по ова прашање. Јас укажувам, вие не укажувате...

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Дозволете да кажам, вие ме сечете на половина реченица и токму затоа сакам да се изјаснам како ќе гласам и зошто ќе гласам.

Прво, вие не реагиравте кога беа изнесени толку невистини со цел да се оправда еден однапред негативистички став спрема нашите амандмани ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Слушајте, не спорите со мене, ќе ви го земам зборот. Со мене не можете да спорите, немате право.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Не спорам со вас, не спорам воопшто со вас...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не што сум реагирал или не реагирал, не реагирав и вие многу невистини кажавте, па не реагирам, но добро секој има своја вистина, како можете така. Не можам јас да бидам цензор на вистините и невистините. Вие сте сите со право избрани од народот и ќе си кажете тоа што мислите. Ве молам само како ќе гласате, ништо понатаму.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Ќе кажам како ќе гласам и зошто ќе гласам, тоа право го имам според Деловникот, но евидентно се толкува за секој поинаку, но ќе кажам. Прво и прво не се работи за дисторзија на ребалансот на Буџетот и немојте да ги користите буџетарите дека некој е против, некој е за зголемување на платите. Ние во старт сме за зголемување на платите на буџетарите што го докажавме со претходните амандмани на претходните и ребаланси и на буџети на државата во претходните сесии и за 2001 и за 2000 година.

Како прво нашите амандмани воопшто не се однесуваат на правата на буџетарите, туку нашите амандмани се за намалување на цените што треба оваа Влада да ги потроши на мебелот. Морам да повторам дека ние предвидовме намалување 134 милиони денари за моторни возила, тука никаде не се спомнати буџетарите. Спомнавме намалување на пари за потрошен материјал по министерствата, намалување на пари за хонорари на претставници на Владата, намалување на пари за мебел по разни институции и мислам дека е крајно неодговорно од претходниот дискутант да внесува такви дезинформации во јавноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не спорите со другите, го немате тоа право, заврши расправата. сега ќе си кажете како ќе гласате.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Дозволете, овие амандмани ако се прифатат без додатно зафаќање од буџетот можат да се обдзбедат и поголеми плати за буџетарите и не може оваа Влада целокупната пљачка врз буџетот да ја правда само со буџетарите. Овде се работи за намалување на луксузот на Владата во однос на коли, во однос на трошоци за превоз, во однос на мебел и тн.

Ние ќе гласаме за овие амандмани, а против поднесениот буџет, бидејќи е евидентно дека овој буџет е уште една дополнителна предизборна кражба на Владата. - Благодарам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почититуван претседателе, по моето деловничко право да кажам како ќе гласам за овие амандмани би спомнал дека овие аманмдни кои се пред пратениците во Парламентот се во духод на претходните амандмани дадени при правење на Буџетот, над 100 амандмани, односно уште во тие амандмани ние зборувавме за зголемување на платите на јавната администрација во расправата во јануари месец и сите амандмани што ги предложивме тогаш и овие беа во тој дух. Меѓутоа, очигледно некои пратеници не следеле какви биле нашите амандмани. И овие амандмани се во духот на политиката која ја обзнанува ВМРО-Македонска како ние замислуваме да го правиме буџетот да ги намалиме расходите, да го намалиме грабежот и луксузот на министрите, да го намалиме и да го канализираме управувањето со средствата кон интересите на граѓаните кон јавната администрација, а не кон интересите на одредена партија во предизборни цели.

Ова е нов ребаланс на буџетот и со овие амандмани ние пробавме само несреќите кои ги донесува и дубиозите кои ги донесува во отсуство на контролата на ММФ да се направат со ваквиот начин.

Значи, апелирам да се гласа за амандманите и ние ќе гласаме за амандманите позитивно затоа што тие сепак се спротивставуваат токму на ова што беше кажано, а расипништвото, растурање на средствата на народните пари, контрола на народните пари за луксуз и манипулација, а за зголемување на парите на јавната администрација и ставање на парите во служба на подобрување на животот и условите за живот на граѓанинот кој работи во јавната администрација.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**(Продолжение)

Оваа политика која ја креираме преку овие амаднмани е токму политиката, со крја ако ВМРО-Македонска дојде на власт ќе управува во државата без разврат, без расипништво.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, оставете ја власта. Вие кога ќе дојдете на власт тоа немате право сега да го зборувате. Имаме амандмани и власта не ја спомнувајте. Тоа, оставете го за изборите.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ние ќе гласаме позитивно за овие амаднмани, колку и да го нервираат министерот за финансии и вас, колку и да ве нервираат ваквите амандмани, со нив ќе продолжиме и понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, мене не ме нервираат амандманите, туку морате да се држите до деловникот. - Господин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, сакам да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ дека од сите поднесени амандмани од страна на координаторот на Пратениичката група на ВМРО-Македонска, Ненад Ристевски, СДС ќе ги поддржи сите по ред.

Дозволете да објаснам зошто СДСМ ќе ги подржи овие амандмани. Бидејќи сите до еден, по наше длабоко убедување, одат во правец на рационализација на јавната потрошувачка и дури има конкретни амандмани каде што луѓето предлагаат смалување на одредени позиции, кои се апсолутно непродуктивна потрошувачка и искористување на тие така рационализирани средства за реализација на договорот со синдикатите. Ве молам, ако може да се создадат услови да се слушнеме во салата. Конкретно, господинот Ристевски, на пример, во членот 2 кај ставовите 464, купување на моторни возила и износот 134.050.000 го заменува со износ 0, што значи сака да направи уште од 5 милиони марки на едно непродуктивно трошење и од прилика исто толкав износ дава за згомемување на трансферите на фамилии кои се социјално загрозени од 3.200.000 на 3.484.000 денари што значи апсолутно како доказ го побива тврдењето на координаторот на Пратеничкат група на ВМРО-ДПМНЕ. Значи, од една страна се оди на

рационализација на ставките во Буџетот каде што имаме непродуктивна потрошувачка а од друга страна со тие рационализирани средства се предлага зголемување, на пример на социјалните трансфереи.

Второ, се предлага смалување на ставката за набавка и канцелариски материјали во износ од 444 милиони денари, да се замени со износот 100 милиони денари и тој износ од прилика да се зголемат трансферите на невработени поради структурните реформи од износ 3.900.000 на износ од 4.080.000 денари. Што значи, ако се земат поединечно да се анализираат амаднманите поднесени од страна на пратеникот Нанад Ристовски, тогаш точно се доаѓа до едни рационални предлози, каде што од една страна се одзема на нерационална потрошувачка на актуелната власт, а од друга страна се дава на оние луѓе кои веќе потпишале некакви договори со синдикатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ја завршивме расправате. - Вие треба да кажете како ќе гласате.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Неможе во две реченици да кажам како ќе образложам, јас не сум толку елоквентен како некои од другата страна, Затоа, образлагам како и зошто ќе гласаме за. За да немаме забуни кај некои од пратениците каде што им се сугеригаше дека ова било против рушеше на договорите со синдикатите, јас на четири амандмани ги врзувам еден со друг и докажуваг во материјална расправа дека тоа не е така. Затоа, би ги замолил....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега немаме материјална расправа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Немаме, но како да кажам сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, ќе се изјасните како ќе гласате.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Па се изјаснуваме и кажуваме од кои причини претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја повторувате расправата што е заклучена.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Тогаш, зошто на господинот Чедо Краљевски му дозволивте да објасни зошто така ќе гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој не учествуваше во јавната расправа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Па, добро, ајде исклучете ми го микрофонот. Исклучими го микрофонот, сам се пријавувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Симев Вангел.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, незнам што треба повеќе да се направи и колку повеќе амандмани треба да дадеме барем еден да се прифати. Ако малку оваа Влада имаше куртуазија или малку ако сакаше и самата себе си да си помогне и да му помогне на овој македонски народ, барем еден од амаднманите можеше да прифати. Напоменувам дека во буџетот имавме 137 амандмани а ниеден не беше прифатен, иако сега со ребалансот се многу прифатени. Сега, имаме 20 нови од кои ниеден не е предложен. Не заборавете немам ништо против што не прифативте ниеден, туку уште поголема штета правите што прифативте токму од позицијата, затоа што сте контрадикторни и уште повеќе ќе направите поголема штета на Македонија. Ќе кажам како ќе гласам, ќе гласам за сите наши. Затоа што, со самото прифаќање на позицијата на вашите амандмани кои можевте да ги вметнете во ребалансот доколку сакавте во прикриен и многу нечесен подол начин, за што немаме информации што се прифаќа, се гласа и се надгласува. А, ако беа во буџетот ќе имавме можност и критички на нив да се осврнеме. На овој начин ја злоупотребувате по кој знае кој пат вашата пратеничка функција. Досега имавме можност, безброј пати да купувате мебел, безброј пати да купувате опрема, почнувајќи од коњи, наочари и најразлични патувања...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за еден амандман.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па за амандманите зборувам. Ке кажам како ќе гласам, бидејќи со самото ваше галамење овде потврдувате дека воопшто не сте заинтересирани ниту за амандмани, најмалку за државата и понатаму настојувате овој зачаран круг да го одржувате на сиромаштијата. Ние сакаме да помогнеме да се избегне сиромаштијата. Ќе гласам за и морам да кажам зошто ќе гласам за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право така да зборувате.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Па, имам право, затоа што многу нечесно се прифатени на позицијата. Тие имаа можност да ги внесат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Секој има право на свое мислење господине Симев.Тие така мислат, а вие исто така мислите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Тогаш да си кажеме во ребалансот можеа да ги вметнат ако сакаа, а не амаднмани да даваат овде да се кријат зад амандманите. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот на член 2 ставка 721, потставка 72-12 поднесен од пратеникот Нанад Ристовски го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 19 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 48 пратеници.

Констатирам деак амаднманот не е усвоен.

Господин Харуни бара нешто, да видиме што бара.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, се извинувам, дневниот ред е совршен и е доста содржаен, но немаме атмосфера за работа. Или поставете ред и мир во Собранието или вака јас неможам да следам. Нема смисла што се развикува во Собранието. Ова е повеќе од хаос.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Харуни, наскоро се изборите и нормално е да се наметнува таква атмосфера.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

По малку и вие допринесувате за тоа. - Ве молам поставете го редот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претресот по амаднманот на член 2 ставка 462, поднесено од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Претресот по амандманот на член 2 ставка 463, поднесен од праsтеникот Нанад Ристовски е заклучен.

Господинот Ристовски бара да каже како ќе гласа иако е негов амаднманот. Ако го повлекува, може да му дадеме збор.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине претседателе, не бидете нервозни, ке се заврши работата, дозволете да го искористам своето деловничко право.

Јас по овој амандман ќе гласам позитивно, значи ќе му дадам подршка, бидејќи се работи за голема дисторзија на власта, бидејќи ќе се намалат средствата ако се прифати овој амандман. Средства наменети за мебел и канцелариска опрема, а не средства за буџетари и за некои социјалн програми ќе се намалат за сто милиони што е за 300 милиони денари предвиден трошок. Исто така и поради тоа што мислам дека оваа Влада треба да помисли малку на народот, а не на својот мебел, треба да се прифати овој амандман и да се направи дисторзија во трошокот и во расипничкото делување преку овој предлог ребаланс на буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Претседателе, јас се јавувам да ви укажам дека јас можам да се јавам многу повеќе пати, отколку што вие можете да ме исклучите. Значи имам такви деловнички права. Затоа, сега се јавувам за овој амаднман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Моите деловнички права се нешто поголеми.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Да, во секој случај се поголеми, меѓутоа, сепак ние сме еднакви во Парламентот и неможе да ме исклучувате кога ќе ви текне на вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право да ми кажувате за тоа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

И вие немате право кога ќе ви текне да ме исклучувате мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исклучете го господинот Илија.

Амандманот го ставам на гласање.

Јас му дадов збор на господинот Илоски, а тој се спори со мене.

Госпоѓица Шеќеринска бара збор.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Претседателе на Собранието, ве молам за да можеме во Сборанието колку толку да го вратиме начинот на работа, кој што соодветствува и на точката на дневен

ред и на ова Собрание би барала во име на пратеничката група 10 минути пауза, за да и колегите пратеници, вклучително и вие малку да ја симнете топката и за да им овозможите на пратениците да дискутираат онака како што сметаат дека е потребно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ја знам атмосферета убаво и доста толерантно се држам. Да се држам строго до деловникот сите тие испади ќе ги оквалификувам како непристојно однесуваше на пратнеик. Меѓутоа, јас ве молам дајте да работиме, затоа што точката е важна. Оваа седница не е завршена а сеуште не сме на избори, односно на предизборна кампаша. Од кога ќе се распишат изборите тогаш е предизборната кампања. (10 минути пауза.)

(по паузата седницата продолжи во 13,10 часот. )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Претресот по амандманот на член 2, ставка 4 63, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа вкупно 73 пратеници. За гласаа 20 пратеници, воздржано гласаа 7 пратеници, и против гласаа 46 пратнеици.

Констатирма дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 3 раздел 09002, ставка 427, потставка 427113, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, за гласале 19, пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 46 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 424 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 69 пратеник, за гласале 18, пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 47 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 2 ставка 464, поднесен од Пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеник, за гласале 17, пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 49 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 3 раздел 1502 .ставка 443 потставка 443043 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е закучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале зкупно 75 пратеник, за гласале 21, пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 47 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 3 раздел 09001, ставка 463 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеник, за гласале 21, пратеници, воздржано гласале 5 пратеници, против гласале 48 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 3 раздел 15020 ставка 443 потставка 443414 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеник, за гласале 22, пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 45 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Претресот по амандманот на член 3 раздел 09001 ставка 426 потставка 426712 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 75 пратеник, за гласале 19, пратеници, воздржано гласале 7 пратеници, против гласале 49 пратнеици.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Амандманот на член 3 раздел 08001 Програма 11 ставка 420 потставка 4201П раздел 08001 програма 11 ставка 420 потставка 420114 раздел 08001, Програма 11, ставка 420 потставка 420121 .раздел 08001 Прогрма 11, ставка 420 потставка 420122 раздел 08001 Програма 11 ставка 420123 раздел 0801 Програма 11

ставка 423 потставка 423112 раздел 08011, ставка 423 потставка 42311 раздел 08001, Програма 11, ставка 423 потставка 423213 раздел 0801, Програма 11, ставка 423 потставка 423214 раздел 08001 програма 11, ставка 423 потставка 423217, раздел 0801 потставка 11, ставка 424 потставка 42411 раздел 08001 Програма 11, ставка 424 потставка 424112 раздел 08001 програма 11, ставка 424 потставка 424113 раздел 08001 Програма 11, ставка 425 потставка 425215 раздел 08001 Програма 11, ставка 426, Програма 11, потставка 426511 раздел 08001 Програма 11 ставка 426 потставка 426001, раздел 08001, Програма 12, ставка 402 потставка 401113 раздел 08001, Програма 12 ставка 426 потставка 426211 раздел 008011, Програма 12, ставка 463 потставка 46311, раздел 09002, Програма 12 ставка 427, потставка 427119 и ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков, претресот по него е заклучен и амандманот го ставам на гласаше.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега малку треба да почекаме бидејќи во овој момент треба да дојде амандманот од господин Стојан Ковачевски.

Ги молам пратениците да го погледнат амандманот.

Го молам претставникот од Владата добро да го погледа амандманот.

Пратеникот Стојан Ковачевски, поднесе амандман на членот 3, раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потставка 46811 и на раздел 16001, Програма 12, ставка 421 потставка 421113 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 16001 Програма 12, ставка 468 потставка 46811, и на раздел 16001 Програма 12, ставка 421 потставка 421113, поднесен од пратеникот Стојан Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Господин претседателе, почитувани колеги пратеници и претставници од Владата.

Се работи за една интервенција релативно мала, од 3 милиони денари за училиште кое што со години остана проблем и не е довршено, а учениците неколку години наставата ја следат во приватни куќи. Се работи за над 400 ученици.

Јас ова прашање покрај другите прашања што ги поставив како пратенички и на ова прашање не е одговорено од страна на Министерството за образование према тоа, или е пропуштено, или не се покажува интерес да се интервенира.

Затоа, низ еден амандман сакав да ги потсетам во Министерството за образование дека овој проблем треба да се реши, да има само волја, а не треба многу пари.

Јас ги повикувам пратнеиците да го поддржат овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 80 пратеници, за гласале 37 пратеници, воздржано гласале 22 пратеници, против гласале 21 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнуваше на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тесктот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ, за 2002 година го ставам на гласање.

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Сакам да го искористам моето деловничко право да кажам како ќе гласам по ребалансот на Буџетот и веднаш на почетокот да кажам дека цело време јас и моите колеги истомисленици од ВМРО-Македонска се размислувавме како да се однесуваме кон овој буџет и како да гласаме.

Имајќи предвид дека со овој буџет се исполнуваат оние моменти кога се зголемуваат платите на еден слој на граѓани кои со години немаа добиено од државата соодветен третман, а се на значајни функции како што се образованието и други во јавната администрација и комбинирана е нашата заложба при донесување на сите буџети во изминатиот перисд, а вградено во овој закон според Спогодбата меѓу Синдикатот и Владата од една страна, и се она што, така да кажам, пречи во овој буџет, сепак размислував дека иако го поддржуваме и веруваме дека ќе биде изгласан моментот во Буџетот дека ќе се покачат овие плати на вработените во Јавната администрација, јас ќе гласам воздржано од следните причини:

Овој буџет дефинитивно ги зголемува расходите непримерно и во таа насока која е непозната за пратениците на РМ.

Покрај тоа што се случуваше во изминатиот период неколку пати во Службените весници на РМ, да се случуваат промени на Буџетот со одлуки на Владата, што е непримерно за еден парламент, како што е нашиот, и покрај тоа што и овде повторно се прави комплетно нов буџет, што е недозволено во текот на претходната година, а кога се има предви дека истиот министер, истото министерство и исти стручњаци го правел овој ист буџет. Заради тоа, и заради енормното зголемување на расходите на капиталните трошоци за купување на објекти и мебел, моторни возила како и за нејасни проекти, пари кои ќе одат во непознат правец и кои сметаме дека ќе се искористат за изборите, а ќе ја донесат во Македонија по изборите во една јужно американска економска состојба, сметам дека не треба да го поддржиме ваквиот ребаланс на буџетот.

Свесни сме дека ова се прави зад грбот на ММФ кој очигледно свесно се отсела од РМ, за да може низ џебовите на нашите стручњаци од Владата да се слеат пари за изборите за непознака насока. Заради тоа треба да се воздржиме од еден ваков буџет. Исто така, мојата голема воздржаност со оваа нова прераспределба на средствата од Буџетот се парите од Телеком, каде најдовме неколку ставки, каде што има одвоено пари за Телеком, за првиот и вториот квартал за објекти и проекти кој воопшто не се почнати а парите се веќе одделени од Буџетот и отишле во непознат правец, што е уште една дубиоза и веруваме дека е уште еден начин на купување и спремање за купување за изборите во одредена структура на државата и прибирање финансиски средства за изборите и заради тоа што и на оваа седница беше јасно манифестирано политичкото, односно нестручното однесување на Министерството за финансии.

Имено, кога некоја пратеничка група во континуитет ќе поднесе меѓу 150 и 200 амандмани и ниеден нема да биде конструктивен и ќе биде одбиен како што е нашата пратеничка група ВМРО-Македонска, а ќе бидат 100% скоро прифатени амандманите на пратениците поддржувачи на Владата тогаш не можеме да зборуваме за конструктивна расправа, туку можеме само да зборувам е за политичка одлука која го поткрепува се она што го кажам, зошто ќе бидам воздржан во моето гласање. Сигурни сме кога сме воздржани дека ваквиот начин на правање на буџетот ќе ја однесе по изборите Македонија во длабока економска криза заради потрошените средства неконтролирани во нејасен правец и ќе донесе нови проблеми на граѓаните РМ, и затоа предвидуваме дека по изборите во било каков состав на Владата некој од дубиозите што се направени денеска и некои од проектите за кои што се доделени пари, а не се ни почнати, спремни сме да кажеме такви примери овдека да не ги набројувам ги има во одделот на Телеком, во Фондот за здравство, некои од тие пари сепак ќе бидат на црна дупка и голем дефицит кој што ќе треба граѓанинот кој добил 10 или 15% од јавната администрација и сите други од производството, ќе го враќаат повторно следната есен од својот џеп. Затоа уште еднаш повторувам ќе гласам воздржано за овој буџет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, учеството кое го зедовме во овој ребаланс на буџетот доволно зборува дека нешто не е во ред. А дека не е во ред бројката која ќе ја кажам самите можете да констатирате дека боли глава. 100 милиони германски марки ќе треба да се потрошат само за овие избори 2, 3 месеци, не за целата година. Токму тоа го кажува овој ребаланс. А пратениците што се до мене од ДПМНЕ, знаете што рекоа: добро е што имате 20 амандмани, ќа се опариме. Зарем 100 милиони не гледате, гледате 1000 денари што треба да земете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не можете да ги напаѓате другите овде лично како личности.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Тие 100 милиони германски марки никој не ги спомна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нешто да ви објаснам. Овде се зема збор по точка на дневен ред кога се гласа за да се објасни како ќе се гласа, ако тоа не е јасно од учеството во расправата. И понатаму секој кој ќе дојде овде да каже како ќе гласа може да објасни ако земал учество во расправата да каже дека го променил мислењето слушајќи ја расправата на другите. Ако тоа не е случај, нема потреба и тоа право не следува да се доаѓа овде и да се напаѓаат луѓето.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Господине претседателе, тоа беше само вовед. Јас носам аргументи, без аргументи никогаш не настапувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се аргументите. Сега само уште ова да ви кажам. Ќе кажувате вие како ќе гласате. Немојте да објаснувате зошто другите поинаку гласаат и зошто не мислат како вас.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Морам да им укажам дека грешат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право тоа да го кажете. Вие ги навредувате луѓето. Тоа е непристојно однесување на пратеник. Не можете така да настапите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Мора да ве потсетам дека за овие 10 години, а посебно сега купени се безброј возила. А некој ќе рече и од првата клупа дофрлуваат, што е важно возила што се купени. Токму тоа сакам да кажам, дека се предвидува да се купат нови моторни возила од овие 100 милиони германски марки во вредност од 134 милиони во ребалансот. Еве, камерата може тоа и да го сними. Барате аргументи. Ви кажувам аргументи. Тоа е еден аргумент зошто сум воздржан да видите. Аргумент е 134 милиони за возила. Македонскиот народ нема да јаде, вие купувате нови возила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оставете го вие македонскиот народ.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не го оставам, тој ме бирал и мора да го бранам јас него. Понатаму, имам и друг аргумент, бидејќи баравте да ви кажам аргументи. Друг аргумент зошто сум воздржан. За пописот се земени 350 милиони одвоени се од македонскиот народ за пописот. Сега барате нови 350 милиони. Зошто? Каде отидоа тие пари? Во неповрат, во Тунгузија отидоа? Тие пари се наземени и нема потреба да барате со ребалансот. Вие со ребалансот барате нови 350 милиони. Токму тоа укажувам дека не водите домаќинска политика. И зошто амандманите на позицијата се прифатени, а ниеден на опозицијата. Не сакам да кажам, тоа народот нека пресуди зошто се прифатени.

И на крај ќе завршам, со ова сакам само да потврдам дека се продолжува со грабежот токму на својот народ. И знаете која е целта на овој грабеж? Само овој затворен, маѓепсан круг на осиромашување на овој народ да продолжи. Ова свесно се работи. И сакате да потрошите и касата да ја оставите празна и оние што ќе дојдат на власт да почнат од минус. Тоа беа нашите укажувања и токму тука беа нашите амандмани. И затоа ние сме воздржани. А немојте да го злоупотребувате образованието и државната администрација. Тие најмалку ќе бидат сега адекватно соодветно наградени.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, сакам на крајот после оваа дводневна расправа околу Предлог законот на ребаланс на буџетот за 2002 година да го изнесам ставот на парламентарната група на СДСМ како ќе гласа. И покрај сите наши негодувања и спорења на одредени позиции пред се во делот на изворите на средствата што треба да се обезбедат за да се реализираат некои аранжмани што Владата ги презеде пред се со синдикатите, ние токму во таа функција ќе го поддржиме донесувањето на ребалансот на буџетот.

Второ, го задржуваме нашето право и укажувања, сите наши укажувања од вчера па до денес укажувања упатени до Владата најдобро намерно ги прифати Владата и да води сметка за натамошното концепирање на буџетите во Република Македонија пред се во функција на смалување на и онака високата јавна потрошувачка. Меѓутоа, вака ставени пред свршен чин, а од аспект на ноторниот факт што сепак

огрсмниот дел на овие средства за зголемување на буџетот за 2002 година се однесуваат на исплата на плати и социјални трансфери по иситот основ заради склучените аранжмани со синдикатот, СДСМ ќе го поддржи донесувањето на ребалансот на буџетот за оваа година.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ позитивно ќе се изјаснат во врска со законот за ребаланс на буџетот. Ќе кажам и од кои причини и зошто?

Основен факт кој што го добивме како признание од министерот за финансии од нашата влада е дека се обезбедени сите средства кои што ќе треба да обезбедат зголемување на поедини ставки во приходната, односно расходната страна. Тоа значи дека прво како што беше истакната овде во дел од расправата ќе нема инфлаторен бран во Република Македонија, односно ќе нема печатење на нови пари, а даноците од кои што треба да се обезбедат овие средства добро се прибираат во Република Македонија, така што изворот на средства е обезбеден.

Малку дополнителна конфузија беше искажана во врска со ставот зошто ние во овој момент немаме склучено аранжман со Меѓународниот монетарен фонд. Факт е дека ММФ како институција никаде во светот или многу ретко склучува аранжмани со влади кои што се наоѓаат во избори. Токму тоа право го искористи во овој момент ММФ да не склучи договор, односно да каже дека договорот ќе продолжи понатаму во октомври по изборите. Реков конфузија од причина што многу е лесно кога сте во позиција да преговарате со тој фонд, да кажете дека тој фонд нам не ни е потребен. Имено тоа и се случи досега.

И она што сакам да го кажам посебно, бидејќи најголеми шпекулации се направија во врска со покачувањето односно изворот на средствата за покачување на платите на буџетарите. Овие избори и сите други избори ќе поминат. За кого ќе гласаат буџетарите апсолутно е нивно право, дали ќе биде оваа позиција, или некоја друга, меѓутоа она што е ноторен факт во оваа држава и зошто ќе го поддржам тоа. Десет години платите на буџетарите во Република Македонија не се покачени. Во овој момент ќе бидат покачени од страна на оваа Влада, односно од страна на ова министерство. Дали буџетарите ќе гласаат за нас, или не, не е важно. Важно е што ќе се тргне во една стартна позиција на повисоки плати.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас ќе се воздржам од гласање од следниве причини. Имено, ние како Собрание изгледа дека никогаш и не само како Собрание, туку како државни институции како да никогаш немаме среќа тоа што го проектираме и да го оствариме и да излезе така како што е проектирано. Имено, ние донесуваме закони секој ден, па утредента ги именуваме и никогаш не се прашуваме зошто ни се случува тоа. А тоа сигурно ќе се случи и со овој буџет. И зошто се случува така исто така не се запрашуваме зошто е така. Мислам дека мора да констатираме по кој знае кој пат тука дека нас ни недостасуваат стручните и научните анализи во сите области. Така што фактички излегува дека како во сите дејности дејствуваме пирамидално, така и во буџетот дејствуваме пирамидално. Пред 6 месеци беше донесен буџетот и тогаш ни беше кажано дека главните параметри ќе биде економскиот развој и сузбивање на сиромаштијата, а од тоа ништо. И практично после 5, 6 месеци ние повторно го бараме џебот на граѓаните за да дополнително земеме пари од него и да бараме ребаланс на буџетот. Според тогашните параметри беше кажано дека според овој буџет кој сеуште важи, затоа што овој сеуште не е изгласан, бруто домашниот производ ќе се зголеми 4%, околу 255 милиони денари, а тоа не се оствари, изгласаа 2,5 %, тоа не е така и пораст на платите 3,5% и тоа знаеме како заврши. Значи, сега бараме причини и причините тука се наведуваат дека освен тоа што беше притисок од луѓето да се зголемат платите дополнително како што се кажа, продолжените ефекти од кризата бараат измени во буџетот, интервенции во буџетот, или ефектите од светската рецесија, или штетите од земјоделието, или цените во земјоделството, или пак цените во земјоделството, или пак цената на нафтата па реформите итн. А никаде не се спомнува дека исто така пирамидално сме примиле околу 30 илјади луѓе под договор во државната администрација кои треба да се платат, а најверојатно кои се привремено, затоа што

тие и ќе ги избркаат од работа. Затоа јас уште еднаш наведувам дека ќе се воздржам од гласање.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, иако нема ништо идеално, дури овој Предлог на буџет, измени и дополнување на буџетот не е идеален јас ќе кажам дека е факт дека во изминативе 10 години немаше никакви корекции на платите на буџетарите и согласно договорот на Владата и синдикатот за утврдување на најниската плата, понатаму корекциите на пензиите и се она што по тоа следува пратеничката група на Нова демократија ќе го подржи овој Предлог за измени и дополнување на буџетот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Димитар Бузлевски. Да видиме дали тој има поинаков став од СДСМ. Инаку нема смисла да му давам збор, или треба да го надополни излагањето на г. Илија Илоски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, прво, да кажам дека со мојот глас ќе го поддржам ребалансот и покрај тоа што во текот на моето учество во работата на Парламентот кажав за забелешките кои што ги имам во врска со ребалансот и тоа најмногу за оној дел од забелешки кои што се однесуваат за нерационалниот однос на предлагачот во креирање на расходната страна, бидејќи и понатаму сметам дека расходната страна е димензионирана на начин на кој што отстапува од секојдневието во Република Македонија со тоа што Владата и понатаму продолжува да обезбедува средства кои што немилосрдно ги троши, а кои што се на товар на граѓанството и на стопанството во Република Македонија. Јас не го делам мислењето дека позитивниот однос кон гласањето е само заради тоа што Владата обезбедила средства. Едно е обезбедени средства, друго е од кои извори тие се обезбедуваат. Да не заборавиме дека во Република Македонија 6 милијарди денари, над 6 милијарди денари се обезбедуваат од Законот за воен данок. Во исто време кога во сила е ваков закон се задржале позициите кои што предвидуваат владата да троши на мебел, патнички возила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Бузлевски тоа го расправавте вие и добивте неколку пати збор за тоа. Навистина не ве разбирам.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Што? Не сакате да го слушнете ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, туку немате право сега да расправате. Вие сега кажете дали ќе гласате како што е најавено, или нема да гласате така. Тоа кажете го.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас сум пратеник и можам да го кажам својот став во однос на тоа како ќе гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете како ќе гласате, а не да отварате одново расправа. Исклучете го господинот Бузлевски.

Има збор г. Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници и претставници на Владата, ќе се потрудам накратко да го искористам деловничкото право во однос на мојата определба како ќе гласам по однос на ребалансот на буџетот. Како пратеник и како човек не можам да го поддржам овој ребаланс на буџет, бидејќи правило е кога се донесува еден ребаланс на буџет тој да биде само на определени ставки и конкретно сите знаеме дека ребалансот во нормални земји се носи само по исклучителни причини кои што се освен остро менување на фискалната политика, или пак некои други причини кои што имаа дисторзии во општествениот живот на земјата. А тука се работи за комплетно нов буџет каде под фирма на зголемување на плати на буџетари се зголемуваат маса приходи кои што исто така се зголемува и расходната страна на буџетот многу повеќе под фирма потпомагање на буџетарите, власта внесува многу пари кои што треба да се исперат преку расходните ставки за мебел, за возила, за хонорари. Што значи дека се внесуваат многу коруптивни елементи во овој ребаланс на буџет и навистина срамно е преку буџетарите да се правда ова што тука се прави. Ова е еден економски грабеж и мислам дека во економските состојби што ќе настанат после изборите ќе имаме една состојба која што дефинитивно ќе претставува тешка состојба за било која влада. Не сакам да прејудицирам која влада. Така што тука единствено гледам собирање пари за избори, а не гледам потреба нешто да се

направи во економскиот живот на земјата. Ако некој мислеше на буџетарите требаше во претходните три што беа ребаланси на буџет и буџет да се одвојат оние средства што ги баравме и тогаш воопшто не ќе имаше потреба од вакви измислици зошто се носи ребалансот. Тука гледаме во нашите амандмани што не беа прифатени што е еден од условите да не гласам за овој ваков ребаланс на буџет, има повеќе заштеди во расходната стапка, може да одиме за хонорарите 5 милиони и 500, за мебелите во една ставка 400 милиони, во другата 340 милиони. Значи над милијарда и пол денари сега Владата ќе потроши за некои намени кои што воопшто не се ни во социјалната свера, не се воопшто ни во она што се прокламира дека е целта на ребалансот на буџетот.

Индикативно е деке не беше прифатен и нашиот амандман за загубарите каде што се споменува нивната социјална заштита, така што не постојат елементи за поддршка на овој буџет т.е. ребаланс на буует и покрај тоа што гледам дека мнозинството ќе го изгласа, сепак ние не можеме да учествуваме во ваков грабеж.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и г-да, јас ќе се приклонам кон предлогот за изменување и дополнување на буџетот за оваа година со тоа што моите резерви остануваат. Народни пари се трошат, а Парламентот не испитува каде, колку , зошто? Елемен-тарен недостаток во работењето на Собранието според мене. Со тоа јас не сум одговорил на главната задача вршејќи функција пратеник. Тоа е еднс

Второ, останува надежта дека колку толку ќе се приберат фун-кционерите и директорите и дека нема да се троши народна пара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е изложен. Сега бара збор г-динот Ќосев. Не гледам потреба за тоа, но ако има издовоен став во ред. Ако нема, нема потреба да зема збор.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Станува збор за истиот став. Го поддржувам ставот на пратеничката гурпа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Предлогот за изменување и дополнување на буџетот на РМ за 2002 година, го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 82 пратеници, од кои за гласале 72 пратеници, воздржано гласале девет пратеници и против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на буџетот на РМ за 2002 година.

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за изменуваше и дополнување на Законот за извршување на буџетот на РМ за 2002 година.

Предлогот на законот и Извештајот на Комисијата за економска политика и развој ви се доставени одкосно поделени.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор.

Има збор г-динот Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратниеци,

Дозволете во кратки црти да се осврнам на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на буџетот во 2002 година.

Од она што можевме да го погледаме во доставениот материјал се гледа дека се менуваат суштински членови, или во завршните и преодните одредби се менуваат пет члена од постојниот закон. Има членови со кои што се согласуваме бидејќи мислиме дека битно се подобрува техниката на извршување на буџетските средства, меѓутоа дискутабилен е членот 3. Дозволете да кажам зошто и зошто СДСМ не се согласува со ваквата промена.

Членот 3 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на буџетот на РМ гласи:

"Членот 28 се менува и гласи:" Средствата предвидени во раздел 19001 - Министерство за здравство, ставка 441 - трансфери за други нивоа на власта се користи по претходно донесени програми од Владата на РМ на Предлог на Министерството за здравство".

Сега овој член се менува, а постојниот член 28 гласеше: "Средствата предвидени во раздел 19001 - Министерство за здравство, ставка 441 - Трансфери до фондот за здравство се користат по претходно донесени програми од Владата на

РМ на предлог на Министерството за здравство, а се исплатуваат врз основа на пресметки и фактури за создадени обврски директно на Фондот за здравство".

Ве молам претставникот на Владата да ни ја објасни оваа промена па потоа би продолжиле со овој начин да разјасниме, бидејќи како член на Комисијата за финансирање и буџет ние навистина не бевме удостоени со присуство на поголем број на членови на Комисијата, како и присуство на ресорниот министер и навистина останаа некои недоречености.

(со седницата продолжи да претседава г-динот Оломан Сулејмани потпретседател на Собранието).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали претставникот на Владата осеќа за потреба да одговори?

(засега не)

За збор се јави г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, мислам дека колегата кој што претходно дискутираше и кој што побара од претставниците на Владата да се дообјаснат одредени решенија кои што се дадени во законот со право тоа го бараше, затоа што со овие измени се вградува одреден волонтеризам кој што и онака досега беше присутен во располагањето со средствата кои што се собираат во Буџетот и кои што се собираат, како што и пред малку кажав од стопанството и од граѓаните во износи кои што се енормно големи за една држава која што има ваква економија и која што има вакви проблеми во економијата. Кои што се енормно големи како зафаќања од граѓаните, кои што се во таква социјална состојба која што е видлива секојдневно низ нашата држава. Одтаму мислам дека Законот кој што предлага пред Парламентот усвојување на закон за извршување на буџетот со измени и дополнувања ги овозможува тие волонтаризми, така да мислам дека ние како Парламент многу лесно и едноставно носејќи го овој закон пренесување надлежност на Владата и на институциите во рамките на Владата без поголема обврска за отчетност пред Парламентот, а соодветно на тоа и пред оние од кои што се полни буџетот да располагаат со средствата во буџетот.

Јас покрај забелешката што ја кажа мојот колега претходно би го изразил моето несогласување и со укинување на член 18 од постојниот закон за извршување на буџетот во кој што член досега се уредуваше начинот на кој што планираните расходи во поткатегоријата трансфери во текот на годината можеа да се поништат. Имено, досега тие можеа да се користат за утврдени намени само по претходно донесена програма на Владата на РМ. Мене ми е јасно кои се тие трансфери во текот на годината, но не ми е јасно зошто и до таму се спушта тој волонтаризам што им се дава право на одредеи буџетски корисници кои што имаат свој буџет да се ослободат од обврската пред Владата да поднесат програма за трошење на средствата од тој буџет. Тоа не ми значи една комоција на таквите институции независно што нив буџетот им е одобрен. Меѓутоа, во врска со тоа дали програмите врз кои што е одобрен буџетот се реализираат низ годината. Токму заради ова последново, оваа Влада која што е актуелна пред Парламентот имаше предложено една таква одредба и овој Парламент ја имаше прифатено таа одредба - таквите државни органи може да ги користат своите одобрени буџетот но само со претходна согласност на Владата.

Одтаму јас мислам да гласам против овој закон и ќе гласам против овој закон бидејќи отстапува од рационалниот приод кон буџетската потрошувачка со оглед на тоа што ги зголемува правата на буџетските корисници за нивно комотно трошење на буџетските средства, а сето тоа се прави сега во овој месец или на праг 80 и некој ден пред изборите. Одтаму и во врска со тоа мислам дека е многу прозирен обидот Парламентот да озакони намери кои што се подразбираат со носењето на овој Буџет.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Димитар Бузлевски, за збор се пријави г-динот Илија Илоски. Повелете.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дозволете на почетокот да објаснам зошто се јавувам по втор пат. Навистина е непримерно и недоблесно од страна на Владата да прави вакви рестрикции во однос кога расправаме за круцијални економски прашања.

Јас како член на Комисијата за финансирање и буџет напомнав на почетокот ја немав таа прилика и можност во една порелаксирана атмосфера и постручна расправа да ги разгледаме овие текстови околу фискалната политика на РМ за втората половина од оваа година т.е. до крајот на 2002 година. Тоа не го направивме

бидејќи седницата на Комисијата за финансирање и буџет намерно или не беше опструирана од страна на позицијата односно парламентарното мнозинство каде што ниту еден, односно само еден член беше присутен, а не беше присутен ниту министерот за финансии. Имајќи го предвид фактот ние сега сме притиснати за едни вакви клучни економски закони да расправаме на пленарна седница. По обичај пленарната седница доаѓа во ситуација на зголемени тензии, не следење на она што го расправаме и доаѓаме до неквалитетни решенија кои отпосле не погодуваат сите нас.

Затоа би замолил заменик министерот за финансии, потсектерот да се вклучат во оваа материјална расправа и би замолил да ми објаснат, јас не сум глуп пратеник за оваа материја, мислам дека ги разбирам работите меѓутоа овде има недоречености за кои мора да се објасни. Вие може да го користите деловничкото право и да кажете, ние имаме деловничко право да не одговориме. Неможе така затоа што еве јас сум ставен пред некоја дилема дали да гласам за или да гласам против. Ова што претходниот говорник од СДСМ го кажа непримерно е на пример да се брише членот 18 и да се даваат дискрециони права на одредени ресори затоа што парите безмислосно ги трошат, а во постоечкото решение, на пример Владата донесува програма и во рамките на таа програма ресорите имаат одредени ингеренции да ги трошат тие средства. Сега се укинува тоа решение и тука сме за или против. Меѓутоа, останува нејасно во кој правец се менува членот 28.

Дозволете да ви го прочитам дел од образложението кое се однесува токму на промената на постојниот член-28. Во тоа образложение се вели: "Во рамки на разделот 19001- Министерство за здравство на ставките 441 - трансфери до други нивоа на власт, да појаснам "други нивоа на власт" се мисли на Фондот за здравство, планирани се средства за одредени здравствени програми. Министерството за здравство е одговорно за наменското трошење на средствата и проверка на соодветната документација. Апсолутно ништо не појаснува која е интенцијата на законодавецот што го предлага овој текст за да се промени ова. Зошто? Ние знаеме дека Министерството за здравство е одговорно за наменското трошење на средствата и проверка на соодветната документација. Тоа е впрочем и конечен текст во постоечкиот член 28 од Законот, а ние сега сакаме да го промениме. Би замолил да ми одговорите зошто ако не сакате вака да влеземе во поглобална расправа би ви поставил неколку прашања. Ве молам, доблесно е од ваша страна да влезете во комуникација со нас и да ни појасните, затоа што од појаснувањето на овие ставови зависи како ние ќе се определиме да го дадеме нашиот глас. Навистина мене не ми е јасно зошто тоа се менува.

Нашите сомневања се во следното. Членот 28, постоечки гласи:

"Во Законот за извршување на буџетот за 2002 год, стои : средствата предвидени од разделот 19001 - Министерство за здравство, ставка 441 трансфер во Фондот за здравство се користи по претходно донесени програми од Владата на РМ на Предлог на Министерството за здравство ..." и последното е многу битно "... а се исплатуваат врз основа на пресметки и фактури за создадени обврски директно на Фондот за здравство".

Во променетиот член кој се нуди со денешниот закон стои "средствата предвидени со тој и тој раздел... ставка 441- до други нивоа на власт се користат по претходно донесени програми од Владата ", всушност се задржува постоечкиот текст, "на предлог на Министерството за здравство." Тука се става точка, значи нема продолжение, а се исплатуваат врз основа на пресметки и фактури за создадени обврски директно на Фондот за здравство. Дали предлагачот на овој текст се сомнева во злоупотребите од 1 јануари до јуни оваа год, кога се нуди овој ребаланс, а воедно со тоа се нуди и предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на буџетот, се сомневам во чесноста и домаќинското работење на Фондот за здравство. Со новиот член алудира на појачани ингеренции на министерот за здравство над директорот на Фондот за здравство, или обратно со ова се укинуваат ингеренциите на министерот за здравство како контролна функција над директорот на Фондот за здравство.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**(продолжение)

Бидејки вие молчите ни давате простор слободно да импретираме,. Ако се земе предвид фактот дека директорот на Фондот за здравство е и генерален секретар на вашата партија... (Дофрлување од место)

Се извинувам, секретар, тоа ви беше Змејковски генерален секретар...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бес полемики меѓусебни. - Ве молам, продолжете господине.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Значи, ако се земе тој ноторен факт, тогаш ние нормално имаме реално право да се сомневаме дека иако така пишува во Законот, во пракса односите се исчашени, изместени и дека со ова ново решение што се нуди се дава поголеми ингеренции на директорот на Фондот за здравство. Бидејќи слободно, без да има пресметки, без да има фактури може да си дозволи да ги троши средствата, а на некој начин се остава, меѓу редови контролната функција на министерот за здравство на Фондот за здравство.

Затоа ве молам, бидејќи имаме некои минимални познавања во оваа материја, а немавме можност тие дијалози да ги водиме на едно постручно ниво и во порелаксирана атмосфера на Комисијата, доблесно е од ваша страна да не го користите деловничкото право да молчите да одговорите што се алудира со промената во членот 3 за измената на постојниот член 28 и кои се конкретно релациите, сега со новопредложениот текст помеѓу ресорниот министер за здравство и Фондот за здравство.

Априори ви укажувам, од сето она што се шпекулира во јавноста, за злоупотребите во Фондот за здравство, ако со овој член не убедите дека се засилуваат ингеренциите на министерот за здравство во обавување на неговата контролна функција над Фондот за здравство, СДС, без разлика на бришењето на членот 18 ќе го подржи овој закон. Ако е обратна ситуацијата и се оди по линија на носење политички закон, каде одредени партиски функционери, случајно или намерно се наоѓаат во извршната власт наодредени функции, имаат поголеми ингиренции од нивните повисоки претпоставени по закон нивоа, ние ќе се изјасниме негативно. Затоа три пати повторувам, ја немавме таа можност ова стручно прашање да го претресеме на Комисиајта за финасирање и буџет. Повторно можат да не одговорат на тие прашања. Но, ако постапат така можеме едноставно да се воздржиме од гласање како цела пратеничка група. Незнам што можеме друго да правиме. Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи г-дин Стојан Андов претседател на Собранието на Република Макеоднија)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе го подржам овој закон од проста причина бидејќи гласав за претходнито закон, односно за ребалансот на Буџетот. Ако овој закон не го прифатиме, тогаш по кој закон и како ќе го извршуваме со одредени измени и самиот ребаланс ако го нема овој закон. Демагогија е сега да се тврди, за овој закон гласавме, два дена говоревме дека не ни треба, дека е грешка, дека Владата не чини, кој како сакаше така говореше, што ќе му паднеше на памет тоа искажа без основ, без поткрепа, без ништо, по системот има арамии, има камења, има ова, има она, а без да се каже што е.

Овој закон мора да го следи ребалансот. Затоа не треба повеќе да се надмудруваме во овој случај. Затоа сметам дека е чесно да го подржиме овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Мислам дека има потреба накратко да одговорам на прашањата што беа поставени.

Да напомнам дека членот 18 е за прв пат воведен со Законот од 2002 година.

Понатаму програмите од членот 18 се донесени и објавени во Службен весник.

Понатаму, од трансфери, согласно член 18 спаѓаат и трансферите до пензискиот фонд и Завод за вработување, а тука не треба програма.

Понатаму, член 28 е од технички аспект. Корисник е Министерството за здравство, а не може во овој случај Фондот да дава налози за плаќање. Да напомнам дека програмата односно програмите се донесени, исто и објавени.

Петто, околу членот 31, секогаш имало и ќе има погрешни уплати. Порано, тие погрешни уплати ги вршеше Заводот за платен промет, ги исправаше. Со трансформација на Заводот за платен промет сега ги врши Министерството за финансии. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Оствариве полемика во врска со содржинат ана членот 18, она што сега со овие измени и дополнувања се предвидува да се брише. Независно што е донесена таа законска одредба во тековната година сметам дека заради големито износ на средства што се трансформираат по оснво наодредбите на тој член на законот, нужно треба да се респектира постојната содржина на законот што предвидуваше трошењето на тие средства да биде само со претходна согласност на Владата врз база на донесени програми. Некаде над 20 милијарди денари се трошат од Буџетот во вид на трансфери. Не го прифаќам образложеното на заменикот министер, затоа што сметам дека досегашната одредба беше добра независно од тоа што таа пред вработените во Секторот за финансии бараше дополнително администрирање. Причината што е дадена во образложението е токму таа, да се избегне тоа администратирање, поголемо администрирање и забавување на извршување на Буџетот.

Но, кога станува збор за толкав износ на средства и кога станува збор за реализација на програми што се од витално значење за животот на граѓаните корисници по тие програми, нужно мислам дека Владата требаше соодветно да го задржи постојното место што го имаше и врз основа на претходно одобрени програми да ги даде дозволите за извршување на позициите од Буџетот кој што се покриени со таквите програми. Тоа е моето дополнително објаснување и несогласување со она што се предлага од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Му благодарам на г-динот заменик министер на дополнителните појаснувања. Колку што јас го разбрав, Фондот за здравство се става под дополнителна контрола на Министерството за здравство. Согласно новиот предложен член 3 за измена на членот 28, министерот за здравство ќе ја има таа контролна функција врз директорот за здравство во наредниве шест месеци, барем да не спаси, да не поднесува пресметки и фактури за автохтоно создавање обврски влатре во Фондот за здравство. Така се разбравме г-дине заменик?

Ако е така, тогаш ќе ја подржиме промената на членот 28, измената во членот 3 од постојната понуда за измена на законот. Мислам дека беше редно нешто да се направи Министерството за здравство да ја остави својата контролна функција врз Фондот за здравство, без разлика кој на која позиција во партиите сопствени се наоѓа. На пример, ако директор на Фондот за здравство е вториот човек на владеачката партија, а министерот за здравство не е по таква хиерархија во сопствената партија и е коалиционен партнер, не може тука по политичка линија да се прави хиерархијата, бидејќи се работи за злоупотреба на огромни средства на годишно ниво.

Дефинитивно мислиме дека е во правото решение, ако ви е тоа намерата, бидејќи јас лично, со мојот капацитет на познавање на оваа материја од економијата не можам да просудам експлицитно дали е тоа така. Останува стенограмот од оваа седница каде што во дијалог со заменик министерот за финансии се разбираме дека токму ја постигнуваме целта што ја посакуваме сите во Парламентот.

Второ, само едно мало укажување на излагањето на г-динот Томислав Стојановски, апсолутно не се согласувам дека ако вака предложен Предлог закон за измена и дополнување на законот за извршување на Буџетот на РМ не се донесе не ќе сме можеле да го извршуваме Буџетот нема никаква врска. Од 50-тина членови што ги има законот за извршување на Буџет на РМ, ние менуваме само 5. Нема никаква пречка во постојниот Закон за извршување на Буџетот да се извршува ребалансот. Не е законска одредба, уставна, после секој ребаланс да се оди со закон за извршување. Овде имаме материјални, суштински промени за извршување на Буџетот. Бришење на цели членови поради подобрување на техниките за извршување. Имаме модификација на одредени членови поради подобрување на текстот и механизмот на контрола, како што разговаравме за претходниот член. Меѓутоа, не значи ако не го донесеме дека нема да се извршува Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Благодарам претседателе, почитувани дами и господа, се разбира дека ќе го подржам овој закон затоа што истиот повеќе или помалку за мене е од техничка природа, затоа што установените промени што беа направени со Закон во оваа тековна година ќе мора да се внесат во Предлогот за извршување на Буџет за да можат истите да бидат финансирани.

Малку кај мене предизвикува забуна, како е можно стенограм на една седница да се користи со цел да се реализира закон? Затоа што ние имаме закон затоа што работи Фондот за здравство, бидејки истиот има статус на посебно правно лице. Се знаат ингеренциите на Министерството за здравство. Овде станува збор само за одредени програми, што само ми се чини, колку што јас ги следам службените весници, беа објавени пред две недели за тоа кои ќе бидат дејнсоти од страна на Минисггерството за здравство во превентивата, бидејќи знаеме дека се финансира од страна на Фондот, користени дополнителни средства од Владата. Така што апсолутно нема никакви забуни во тоа кои се ингеренциит на Фондот а кои се ингеренциите на Министерството за здравство од причина што се работи за сосема одвоени дејности што законски се знае кој по кој домен одговара.

Она што за мене е позитивна промена е тоа дека нашиот министер за здравство, кој е во оваа Влада, откако претходно беа изречени низа квалифиакции од типот на тоа дека спроведува дури и криминогени одредени приватизации на приватната дејност, конечно добива подршка од нашата опозиција, што се разбира дека е за поздравување. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Магдалена Антова-Велевска.

**МАГДАЛЕНА АНТОВА ВЕЛЕВСКА:**

Би сакала да ја подржам оваа промена со членот, со оглед на тоа дека на извесен начин се санкционира со оваа промена досегашната пракса да дел од парите на Буџетот наменети за Министерството за здравство за превентивните програми, што се 8 до 9 секоја година, практично не влегуваат во Министерството за здравство туку се префрлаат на самиот Фонд.

Со оглед на тоа дека тоа се мал број на средства што не задоволуваат ниту 8 до 10% од потребите на задолжителните програми, во кои што е имунизацијата и превентивните програми, сметам дека на овој начин практично се враќаат ингеренциите на министерот и тој на финансиски начин ќе може да ги контролира, да управува и да одговара за извршување на превентивните програми.

Затоа овој член и јас како пратеник на СДС ќе го подржам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Илија Илоски се јавува за збор.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Само за мала реплика, бидејќи сме во тек на општата расправа по законот, на мојата ценета колешка Ѓулистана Марковска.

Госпоѓо Марковска, ако вака сте искрени, треба да сватите дека јас 3, 5-4 години во овој Парламент не се борам против еретиците, туку се борам против ересот. Немој да ве зачудува дека некој поадекватни решенија што ги нудите во точките биле подржани од опозицијата. Токму затоа беа моите укажувања и молби до Министерството за финансии да не ги користи своите деловнички права да молчи, туку напротив да појасни некои работи затоа што немавме можност тоа да го слушнеме на Комисијата за финансирање и буџет.

Ако овој член 3 за измена на членот 28 на постојниот закон е подобар и ја засилува контролната функција на Министерството за здравство, без разлика што ние како опозиција или како поединци ќе бидеме против реформите во здравството што ги предлага министерот, ние сме тоа ресорно министерство да ги засили своите контролни функции и механизми врз Фондот за здравство. Бидејќи знаеме на кое дереџе ве донесе вас, во суштина ве донесе работењето на Фондот за здравство во овие три години. нема ден да не отворите весник и да прочитате дека некоја глупост таму се случува. Ако е тоа така, ние ќе го подржиме. Значи, нас не не интересира кој е директор на Фондот за здравство. Имињата, што вели латинската поговорка, се омразени. За имиња не станува збор. Не станува збор за еретици. Станува збор за ерес. Мора да се пресекуваат тие работи во ова општество. Инаку, никаде нема да не доведе.

Од тие причини го подржуваме и немојте да се изненадувате зошто подржувам попродуктивни решенија од постојните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Добро е што се разбравме, што очигледно малку имаме една контрадикција повторно, бидејќи претходно се водеше расправа дали ние имаме генерален секретар или секретар во партијата, па испадна дека луѓето се против Фондот за здравство априори, поради тоа што нашиот секретар е на чело на Фондот.

Бидејќи Фондот не е на расправа на оваа седница, а би имало многу што да се зборува таму, веројатно нема да се потврдат квалификациите, драго ми е што на крај се усогласивме дека тие се против секретарот на партијата односно против директорот, а не и против Фондот за здравство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Илија Илоски.

Ве молам, дел од овие реплики можете да си ги кажете во фоајето.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Незнам колку се разбравме г-ѓо Марковска.

Јас ви кажав дека не ми е гајле мене за еретиците. Јас се бунам овде против ересот, овие 3-4 години. А инаку, ако сакате експлицитно да одговорам јас сум за тој секретар да ви остане секретар на партијата, до изборите да остане директор на Фондот, бидејќи ние и онака не можеме поголеми поени да собираме ако е тој истиот човек и таму и таму. А вие заклучете самите. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може без предизборна пропаганда овде. Сепак работиме сериозна работа.

Бидејќи никој друг не абара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворампретрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Молам, пратениците да влезат во салата да можеме да гласаме.

Молам, да се утврди точен број на присутни пратеници во салата.

Сега можеме да гласаме. - Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале вкупно 62 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржано гласале 8 пратеници и против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2002 година.

Минуваме на 3 точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со донесување на ребалансот на Буџетот за 2002 година и Законот за извршување на тој ребаланс, создадени се сите формално-правни, би рекол и финансиски претпоставки да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на плати. Се работи за многу краток но многу ефикасен закон. Краток затоа што има една, односно две одредби, а ефикасен затоа што носи една голема промена во платите на државните службеници и вработените во јавните здравствени установи. После девет години конечно успеавме, врз коректно извршениот социјален дијалог помеѓу Синдикатот и Владата на Република Македонија дијалог кој пред оваа Влада беше замрен, воопшто не постоеше, успеавме да се договориме и да постигнеме согласност платите на оваа категорија на државни службеници да биде зголемена за одредени проценти што најверојатно ќе имаат влијание врз стандардот на семејствата на овие државни службеници.

Се работи за зголемување на платите од јуни месец и морам да ја запознаам јавноста но и државните службеници дека тука и ќе стагнираме. Фактички утврдуваме плата за јуни месец, а

после и натаму ќе важи ограничувањто во зголемувањето на платите кај државните службеници, додека не се создадат нови услови за ново зголемување на овие плати.

Барам поддршка од сите пратеници законот да биде донесен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, овој закон е закон кој пратеничката група на СДСМ го поддржува заради принципите кои ги соопшти министерот и еве да кажам дека има едно прашање за кое очигледно најдовме заедничка согласност. Значи сметаме дека законот треба да се поддржи, принципите кои овој закон ги поддржува во однос на платите на корисниците на буџетските и фондовските средства или јавната администрација, мислиме дека е добро да се усогласат врз основа на Спогодбата што ја потпиша Владата со Синдикатот и врз таа основа да се корегираат платите во Република Македонија во јавниот сектор. Нема што посебно да додадеме, со оглед што го поддржуваме законот, а едновремено го повикувам министерот за труд и социјална политика денес да го повлече законот за плати кој е во процедура на една друга седница, затоа што може да создаде забуна во врска со донесувањето на овој закон, претходно ставениот закон на дневен ред, а кој не е повлечен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Тргнувајќи од принципиелниот став кој го имавме кон ребалансот на Буџетот дека сме за покачување на платите за буџетските корисници и јавните здравствени установи, како што пишува овде во образложението на законот, го поддржуваме овој закон и ова покачување на оваа група граѓани, вработени во јавната администрација со што ќе покажеме дека нашите односи кон другиот дел од Буџетот се принципиелни. Овој дел го прифаќаме и ќе гласаме за.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, 63 пратеници гласале за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Минуваме на 4 точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи и за финансирање на јавните потреби за 2002 година.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни во салата.

Имаме присутни 6 5 пратеници. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 65 пратеници, за гласале 49 пратеници, воздржано гласале 15 пратеници и против гласале 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2002 година.

Минуваме на 5 точка - Предлог на закон за изменвување и дополнување на Законот за буџетите.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 3-ѓ, за менување на став 1, за додавање нов став 4 по ставот 3, за менување на став 4, за менување на став 5 и за додавање нов став 6 по ставот 5, член 1, член 4-е, за

менување на став 1, член 15 став 2, за менување на став 3, член 16 став 1, за менување на воведната реченица алинеја 3 и за менување на став 2, член 17 став 1 и 3, член 2, член 26 став 3 за додавање нов член 31-а по членот 31, член 56 став 1, за менување на точка 14 и за додавање нов член 62-а по член 62 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман за менување на член 11 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 72 пратеници, за гласале 53, воздржано гласале 14 и против гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Буџетот.

Минуваме на 6 точка - Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година.

Предлогот на програмата ви е доставен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, Програмата што е доставена до нас пратениците е согласно член 93 став 3 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Имено, познато е дека согласно одредбите на тој закон, поточно на тој став од член 93 вакви програми се во надлежност на Собранието и еве овој пат пред нас една програма која што предлага предлагачот да ја усвоиме и во тој основ да има легалност во трошењето на парите собрани од приватизацијата. Мислам дека сето тоа е во ред,, самиот чин на поставување на програмата на дневен ред пред Парламентот, со оглед на тоа што сме во можност да имаме прегледност, а секако и да одлучуваме во понатамошната процедура, за програмиран однос кон оваа проблематика, предвиден со содржината на програмата.

Јас сакам да го искористам времето а на тоа имам право и да им препорачам на дел од присутните и на други лица кои многу често во Република Македонија, објаснувајќи одредени претходни состојби во нашата држава и претставувајќи ги нив како неповолни, поготово од сферата на приватизацијата во нивните настапи, се произнесуваат со проценти кои се движат 90,10 и 92,80% како на една активност која завршува во претходниот период т.е. во периодот кога во Република Македонија владеела друга владеачка структура. Тоа дека не е така, евидентно се потврдува од списанието што го препорачувам да го погледнат тие кои ги советуваат премиерот, министерот за внатрешни работи и други активни субјекти од Владата за произнесување по оваа проблематика со такви проценти, списанието "Факти", за приватизација број 1/2000 година, издадено секако од Агенцијата за приватизација на Република Македонија. Таа агенција секако има свој управен одбор кој што работи и кој во одделот на неговата активност се произнел по содржината на овие факти, така што нема зошто да не веруваат во она што е вградено во оваа публикација, со оглед на тоа што управниот одбор на Агенцијата е избран од Владата и во него претежно се членови од владеачката гарнитура и барем нив треба да им веруваат. Тоа што е за верување е дека она што е приватизирано во Република Македонија во претходниот период ни од далеку не е 90%, но и во оние проценти во кои е приватизирано, во тој период тоа се правеше транспарентно. Во тој период тоа се правеше согласно законите и без дисконти. Така што врз тие основи, во рамките на целиот тој проект на приватизирање Република Македонија ги растовари и билансите или прегледите на заробено девизно штедење на цирка некаде над 500 милиони марки.

Она што е посебно значајно е тоа што во овие последни три години приватизацијата во Република Македонија се врши нетранспарентно и со големо обезвреднување на капиталот кој е предмет на приватизацијата. Тоа сосема

аргументирано го кажувам затоа што имав прилика, еве пред мене е таа публикација која е издадена од оваа наша агенција за приватизација, па препорачувам советниците да го советуваат изворно премиерот и сите оние кои во разни настапи, по разни прилики, во разни пригоди ги кажуваат таквите состојби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Јас ќе ја поддржам оваа предлог-програма за користење на средствата остварени со приватизација на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година и ќе укажам на некои работи кои тука ги гледам и кои за мене се многу транспарентни и многу јасни.

За да нема недоразбирања малку ќе се задржам и на дискусијата на господинот Бузлевски.

Кога се зборува за вакви работи мислам дека сепак треба да се има предвид дека приватизацијата, така како што започна во далечните 90-ти години не беше баш толку транспарентна колку што господинот Бузлевски кажува, дури можам да кажам дека не беше ни можно некој да види како се направи таа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако можеме да се концентрираме на програмата.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Точно така, на програмата се концентрирам затоа што мислам дека по неа беа кажани одредени работи што на мене лично ми сметаат.

Тука пишува колку средства се добиени од приватизацијата на тие претпријатија и каде со оваа програма се има намера да се искористат. Јас ќе ги кажам следниве работи:

Наменети се за развојни програми ТЕЛЕКОМ-инвестициони проекти за 3.169.954.431 денар. Втората ставка е исплата на заостанати обврски по основ на 8% кон пензионерите, проценти кои беа закинати токму од претходната Владд; и сега незнам зошто тоа се користи, да не кажам сега во маркетиншки цели. Тие 8% знаеме кој ги укина, а знаеме и кој ги враќа на пензионерите, за да нема нејаснотии во тој поглед.

**РИСТО СПАНАКОВ:** (Продолжение)

Понатаму, средства од приватизацијата на "Фенимак", "Ладна валалница" и од други претпријатија кои се приватизирани ќе бидат отплаќани за долгот по основ на девизни штедни влогови, и тоа знаете што претставува, така што од тие аспекти гледано, ваквата предлог - програма ќе ја подржам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог - програмата.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман на точка 3 потточка 1 и на точка 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на точка 3 потточка 1 и на точка *2,* поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на програмата го ставам на гласање, но ве молам немаме услови за гласање. Затоа, ќе гласаме подоцна.

Преминуваме на Седмата точка од дневниот ред - Предлог на закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам општ претрес. - Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, Законот кој денес е на дневен ред е закон кој и е неопходен на Република Македонија и во претходната фаза, кога беше доставен во собраниската процедура како предлог за донесување на закон беше во целина и со консензус прифатен од сите политички фактори во Република Македонија. Сакам да потсетам дека на предлог на тогашниот министер за

здравство и на министерот за животна средина бил во претходната фаза на 13 март 2001 година и сите ние како пратеници, комисиите во Собранието за здравство, за млади и спорт и Законодавно-правната комисија, како и Владата земаа обврска овој закон да го реализираат многу побрзо. Меѓутоа, можеби поради околностите кои беа во Република Македонија, а можеби и поради наша вина сепак се задоцни со донесување на еден ваков мошне значен закон.

Ова е сфера која конечно Република Македонија треба да ја регулира. Имено, сите ние се сеќаваме дека за време на косовската криза и бомбардирањето на северниот сосед, непосредно потоа меѓу војниците на НАТО во Европа, па и во Република Македонија веќе тогаш се отвори аферата околу бомбардирањето со осиромашен ураниум и дилемите околу тоа дали тие се штетни или не за околината. Такви дилеми беа поставени и во Република Македонија за размислување. Можеби тука беше и поттикот посериозно да се зафатиме како пратеници, Владата во рамките на своите ингеренции и сите други во Република Македонија околу разгледување на овој проблем.

Сакам да потсетам, после одреден период, ова размислување околу состојбата околу осиромашениот ураниум воопшто во Косово и околните предели доби една политичка завршница во Брисел, каде што Извештајот на НАТО покажа дека после сите испитувања нема последици.

Меѓутоа, што се случи во Република Македонија? Сакам да кажам дека и во тој период кога се зборуваше за овој закон, за одредбите кои треба да се донесат, имаше разбранување на македонската јавност и средствата за информирање околу тоа дали има зголемување на малигните заболувања. Тогаш се излезе со некои податоци дека во Македонија можеби има зголемување на хематолошките заболувања, или нема заболување во Република Македонија, за да во почетокот на оваа година излезе еден од компетентните луѓе на Клиниката, но сега од говорница не би сакал да именувам луѓе, но, еден од кампетентните луѓе на Клиниката која е задолжена за ова, пред се хематолошката клиника, која кажа дека во првите три или шест месеци од годината, не се сеќавам точно, поради должината на траењето на донесувањето на овој закон неможам да бидам прецизен за периодот, дека има зголемување на ваквиот вид заболувања. Јас незнам колку тие податоци се точни или не се точни, има надлежни институции кои веројатно тоа го следат и за тоа ќе се изјаснуваат, меѓутоа, она што е наша должност, должност на Владата и Собранието е да донесеме ваков закон и да размислуваме оваа сфера да ја регулираме подобро, бидејќи технолошките процеси и прогресот во светот Република Македонија мора да ги следи од сите аспекти. Инаку, ако научно, законодавно сите институции не ги следат сите трендови ќе остане една од дупките каде што ќе се слеваат лесно криминалните дејанија со радиоактивните и другите отпади. Затоа, ние мораме да бидеме подготвени и да одговараме на ваквите предизвици. Јас се сеќавам, тогаш беше кажано дека нашата држава од 1994 година е полноправна членка на Меѓународната агенција за атомска енергија и дека има спогодба меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија и претпоставувам дека брзањето и итната постапка е токму заради задржување на роковите со оваа Меѓународна агенција, бидејќи во првата фаза требаше да бидат подготвени шест национални проекти, незнам колку од нив се во тек, колку течат средствата за нив и каква е состојбата, верувам дека од Министерството ќе ни соопштат. Тоа се шест национални проекти за регулирање на оваа материја за радиоактивно зрачење.

Сметам дека законот треба да се подржи, затоа што законската регулатива се усогласува со одредбите на оваа Меѓународна институција, се создаваат услови за користење на кредити кои верувам дека Владата ќе ги насочи наменски токму со регулирање на оваа сфера и за кснечно оспособување и уредување на системот за контрола на сите извори на јонизирачко зрачење во Македонија или како што популарно се нарекува катастар на радиоактивно зрачење, заради потреба од заштита на населението и околината од актуелната и потенцијалната изложеност на јонизирачкото зрачење.

Сметам дека со донесувањето на ваков закон ќе се даде можност конечно да се формира комисијата за радијациона сигурност, која треба да се формира со член 3 на овој закон и претставниците на одредени минисерства конечно ќе ги примат своите ингеренции и

обврски во оваа состојба во Република Македонија.

Дефинитивно, и покрај сериозните безбедносни и економски проблеми во Република Македонија, Република Македонија и нејзините институции, меѓу кои го ставам пред се Парламентот на Република Македонија, несмее да заостане зад оваа сфера и заради податоците кои доаѓаат секојдневно од јавноста и од научните институции за зголемениот број на болести, посебно во одредени делови на Република Македонија. Во секој случај, како главен виновник за заболувањата во Велес и еколошката катастрофа што се случува, најчесто ја гледаме во "Топилницата" и во загадувањето што се случува од неа, меѓутоа, со овој закон се овозможува да се испита оваа црна точка на екологијата на Република Македонија. Една ваква дискусија во Собранието на Република Македонија и едно вакво размислување сметам дека ќе даде поттик за разгледување на овој проблем од сите аспекти, па и од овој аспект. Ќе го изнесам и податокот кој тогаш беше даден од тогашниот инспектор за екологија дека во Македонија пред една година имаше 257 радиоактивни громобрани и Владата зема обврска за менување на оваа состојба во корист на здравјето на населението на Република Македонија. Тоа е нешто што го поставувам како конкретно прашање до претставникот на Владата, дали тој проект е при крај, до каде е и дали му е потребен овој закон или е потребно уште нешто, меѓутоа, оваа состојба конечно треба да се измени во Република Македонија или конечно можеби има некои измени.

Со овој предлог закон, покрај тоа што се ставаме во функција да ги користиме овие средства за овие проекти, треба да апелираме до сите надлежни институции за состојбите во Република Македонија и да ја ажурираме целата македлонска јавност, која можеби е ажурирана, меѓутоа, и институциите, заради подобра заштита на населението од радиоактивното зрачење, за подобро следење на радиоактивното зрачење, што се овозможува со овој закон, со можните опасни потенцијални криминогени складирања на радиоактивен и друг вид отпад во Република Македонија. Од тој аспект, мислам дека предолго го државме овој закон во лавиринтите на нашите процедури, собраниски и други, дури, тоа беше и моја процедурална реакција која подоцна ја повлеков, кога не беше стигнат претставникот на Владата на почетокот на седницата, јас бев подготвен како овластен предлагач да го предложам тој закон на дневен ред додека не дојде претставникот на Владата, само за да се најде законот што побрзо на дневен ред, бидејќи беше ставен на дневен ред на една од претходните седници.

Ова е сфера за која не треба да дискутираме политички, и сметам дека така нема да дискутираме, ниту досега не сме дискутирале политички. ова е сфера на која треба да гледаме од аспект на одговорноста која ја носиме како пратеници, како јавни функционери во Собранието на Република Македонија. Ова е сфера од која мораме посилно и поенергично да бараме од сите институции кои ги контролира Собранието на Република Македонија конечно да ја регулираат оваа сфера, да ги согледаат слабостите во оваа сфера и да ги достават сите потребни проекти во Собранието за да може оваа сфера конечно да биде регулирана според она што претставува европски и светски тренд на следење на состојбите во сферата на јонизирачкото зрачење и радијационата сигурност. Се надевам дека со денешното усвојување, јас немам дилеми дека ќе биде усвоен овој закон, со денешното усвојување на овој закон ќе се случи еден добар момент, ќе им се даде можност на претставниците на повеќе министерства кои се во дирекцијата и во институциите кои ги задолжуваме, им даваме можност да ја регулираат оваа сфера, сепак да согледаат некои состојби во Република Македонија, заедно со надлежните институции, пред се со надлежните здравствени институции, кои ги имаат податоците и другите институции и заводи кои се задолжени за следење на оваа состојба и ова да биде еден нов момент во разгледувањето на овој аспект и приод кон овој аспект, бидејќи сметам дека Република Македонија во изминатиот период не направи доволно за регулирање и следење на радијационата активност во Република Македонија. Тоа е нешто што го имаше и како изјава, заради немање можност, но сега тоа се овозможува со овој закон за претставниците на Министерството и сметам дека со оваа моја дискусија и со дискусиите на другите пратеници, ќе дадеме нов поттик на оваа Влада и на било која Влада конечно во Република Македонија и аспектот на загадување да се погледне малку

посериозно, бидејќи ако тврдиме дека безбедносната криза можеби е на одминување, можеби после безбедносната и економската криза ова е најболното прашање како за Велес, така и за другите делови кои можеби не се толку ургентни состојби, како што е општината Велес, меѓутоа, сметам дека тој аспект треба да се погледне посебно за главниот град Скопје, бидејќи и тој на планот на загадувањето не е во некоја завидна состојба.

Ќе гласам за овој закон и ќе ги подржам сите позитивни предлози за евентуални негови измени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓата Магдалена Антова-Велевска.

**МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА:**

Јас исто така се придружувам и го прифаќам предлогот за донесување по итна постапка за заштита од јонизирачко зрачење и радијационата сигурност. Сметам дека Програмата, посебно што се однесува до здравството е исклучително важна, затоа што тука Републичкиот завод за здравствена заштита покрај превентивната дејност и сигурност, една од видните ингеренции е и заштита од зрачењето како во медицинските установи, така и заштита на лицата кои работат со овие материјали во медицинската струка. Особено е важно да го донесеме овој закон. Се создаде практично еден правен вакум, посебно со последната афера по однос на радиоактивниот лим кој требаше да се врати во Република Македонија, за кои токму поради недонесувањето на овој закон се создаде едно некомпетентно толкување од Републичкиот завод за здравствена заштита, се направи голема штета и едноставно никој од нас незнаеше што се случува во тој дел, затоа што практично не можеа да се толкуваат податоците дали има или нема и по кој основ се работи на тој дел.

Би инсистирала, со оглед на тоа што има повеќе санкции во однос на казнените одредби, во однос на Комисијата и Агенцијата што побрзо Агенцијата да се конституира за да се избегне на тој начин вакумот во кој се случи нашите граѓани да бидат вознемирени од тоа каква последица може да даде и тој за тоа е виновен во однос на враќање на радиоактивниот лим од нашата железарница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, очигледно е дека потребата за донесување на овој закон е присутна и ме радува тоа што и позицијата и опозицијата во овој поглед немаат разидувања. Како човек што е директно засегнат со оваа проблематика и како член на Комисијата за екологија, млади и спорт, и на самата седница на Комисијата, продискутиравме дека донесувањето на ваквиот закон е од извонредна важност за Република Македонија, не дека Република Македонија немаше прописи со кои се регулираат одредени проблеми во оваа материја, но тие беа од поранешната СФРЈ, тие прописи се применуваа согласно Уставот како републички прописи. Меѓутоа, морам да кажам дека според досегашниот закон кој постоеше, надлежности во оваа област имаа повеќе министерства, Министерсљоп за здравство, Министерството за сообраќај и врски, Министерството за екологија, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и други, нопостојните механизми не воспоставуваа јасни механизми за координација и соработка. Затоа, донесувањето на овој закон сега всушност претставува еден вид регулирање на сите проблеми од таа област во еден закон, кој што според кажувањата и на министерствата, ја наметнува потребата од донесувањето на овој закон, за да можеме да се вклучиме активно во некои програми во Меѓународната заедница. Имено, позната е можноста за шверцување на радиоактивни материјали насекаде низ светот иако Република Македонија не поседува такви големи извори на јонизирачко зрачење, не поседува атомски централи, не поседува нуклеарно оружје, претпоставувам, така што во тој сегмент опасностите за Република Македонија не се толку големи. Меѓутоа, поседува други извори на јонизирачко зрачење кои мислам дека треба да бидат ставени на едно ниво на контрола малку повисоко отколку досега. Посебно мислам на депонирањето на радиоактивниот отпад, кој е сериозен проблем во Република Македонија. Тоа посебно го знаат вработените во Институтот за радиотерапија и онкологија,

кои мака мачат со депонирањето на таквиот радиоактивен отпад. Мислам дека овој закон всушност е и основа за донесување на подзаконски акти со кои ќе се регулираат сите проблеми во оваа сфера. Од тој аспект гледано и како човек и како координатор на пратеничката група Нова демократија и како претставник на Нова демократија кажувам дека ќе го подржиме овој закон и дека ќе гласаме за него позитивно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор заменик министерот за екологија.

**МАРЈАН ДОДОВСКИ:**

Благодарам г. претседателе.

Накратко би сакал да истакнам неколку работи во делот на донесувањето на овој закон.

Како прво законот беше предложен од страна на Владата на 69-тата седница во април 2001 година, понатаму на 104 и на 110 седница на Собранието која денеска се одржува. На неколку пати беше презентирано од страна на претставниците на Владата што содржи овој закон.

Навистина се работи за еден исклучителен закон кој во многу ќе ги регулира сите овие активности во делот на заштита од јонизирачкото зрачење и радиационата сигурност. Би сакал да истакнам дека со донесувањето на овој закон покрај Комисијата ќе се формира и дирекција која ќе биде во директна надлежност на потпреседателот на Владата така што сите оние нерегулирани работи во делот на надлежностите во оваа област сега ќе бидат регулирани.

Исто така РМ, пред Меѓународната заедница е обврзана за донесување на овој закон, бидејќи на некој начин се врши хармонизирање на нашето законодавство и оние препораки кои доаѓаат од Меѓународната агенција за атомска енергија од која очекуваме големи донации за доршување на оние шест проекти.

Понатаму во делот на регулирањето на депонирањето на громобраните кое беше истакнато како прашање од пратеникот Стојменов би сакал да истакнам дека Владата на РМ, е веќе во завршна фаза на решавање на овој проблем така што во наредниот период ќе следи кондиционирање токму на громобраните и нивно депонирање.

Што се однесува до значењето на овој закон говори и Спогодбата за стабилизација и асоцијација која РМ ја има потпишано во делот од членот 103 кој се однесува на оваа проблематика.

Со донесувањето на овој закон нашата држава ќе ја доближиме до законската регулатива на ЕУ и Меѓународната агенција за атомска енергија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по такстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претересот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Но, бидејќи немаме доволно пратеници не можеме да гласаме.

Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за терминска условена продажба на акции при приватизацијата на Електростопанството на Македонија.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес. - Молам кој бара збор?

Има збор г. Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, ние и при утврдувањето на дневниот ред побаравме, доколку е можно, од Министерството да ни го достават Договорот за кој државата треба да направи гаранции. Мислам дека тој договор немаме никакви предуслови за работа. Во услови кога државата треба да се задолжи за 45...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно така, оваа точка ќе ја оставиме за утре.

Ве молам, обидете се до утре или евентуално да им кажете дека не можеме да ви го дадеме Договорот или да им го дадете. Утре ќе раправеме по оваа точка.

Минуваме на точката 9 - Барање за давање на автентично толкување на член 55 од Законот за судовите, а во врска со одредбата на член 53 став 2 од Законот за работните односи, поднесено од претседателите на Републичкиот судски совет и на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Извештајот на Законодавно-правната комисија и Барањето за давање автентично толкување ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 55 од Законот за судовите, а во врска со одредбата на член 53 став 2 од Законот за работните односи, поднесено од претседателот на Републичкиот судски совет и на Основниот суд Скопје II - Скопје, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до претседателите на Републичкиот судски совет и на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Предложениот заклучок го ставам на гласање, меѓутоа не можеме да извршиме гласање, немаме доволно луѓе. Тоа ќе го оставиме за попосле.

Минуваме на точка 10 - Барање за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 2 од Законот за платниот промет, поднесено од Народната Банка на Република Македонија.

Извештајот на Законодавно-правната комисија и барањето за давање автентично толкување ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 14 став 1 точка 2 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 103/2001 и 37/2002) поднесено од Народната Банка на Република Македонија, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Народната Банка на Република Македонија.

Предложениот заклучок не можам да го ставам на гласање, немаме доволно пратеници, ќе гласаме следниот пат.

Минуваме на точка 11 - Барање за давање на автентично толкување на член 7 од Законот за штрајк, поднесено од АД "Винка" - Виница.

Извештајот на Законодавно-правната комисија и барањето за давање автентично толкување ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 7 од Законот за штрајк, ("Службен лист на СФРЈ" број 23/91, поднесено од АД "Винка" - Виница, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно -правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до АД "Винка" - Виница.

Предложениот заклучок не можам да го ставам на гласање, немаме доволно пратеници, ќе гласаме следниот пат.

Минуваме на точка 12 - Предлог на декларација за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија како национален приоритет.

Предлогот на декларацијата ви е поделен.

Отворам општ претрес. - За збор се јави г. Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, не би сакал многу да ви одземам време пред се не во некои технички објаснувања и елаборации, а би сакал само да напоменам неколку работи. Кога зборуваме за интернет, ќе користам еден таков широк термин и неговиот подем најчесто се поставува дилемата, дали информатички богатите земји ќе станат уште побогати, а информатички сиромашните ќе осиромашат уште повеќе. За жал, одговорот кај нас не ни оди во прилог и затоа мораме да вложиме многу напори да се обидеме да го фатиме приклучокот со дигиталниот свет односно како што кажавме и на ПРЕС конференцијата да го фатиме последниот воз кон дигитална Европа и светот. Овој проблем секако не е нов, се правеле напори многу одамна да може да се намали јазот помеѓу дигитално поразвиените земји и нас, но секогаш оделе со некои проблеми.

Она што би сакал да го потенцирам посебно е дека главна улога во решавањето на овој пробелм имаат државните органи и без нивно активно учество сето ова ќе биде невозможно и проблемот нема да биде решен.

Без разлика што овој Предлог - декларација што ви е поделен предаден е не само на вас, туку и на сите релевантни фактори во државата ќе остане само мртво слово на хартија без разлика што е квалитетно направен, направен е од луѓе кои се вклучени од различни области не само од Универзитетот, не само од Електротехничкиот и Природноматематичкиот факултет, туку и од сите релевантни институции кои учествуваат, дали се работи за банки, дали се работи за Македонскиот деловен центар, и тн.

Без поддршка на сите државни органи нема да дојде до своја цел затоа поддршката што ја доби оваа декларација од Претседателот на Републиката, Борис Трајковски е добар пример како треба таа поддршка да ја реализираат државните органи. Можеме многу да зборуваме, Декларацијата се однесува и нуди препораки кои се однесуваат и на Собранието и на Владата, до деловните субјекти, до правните лица, до единиците на локалната самоуправа и до универзитетите во РМ.

Сите се препораки кои се светски верификувани, кои се општо познати и кои веќе функционираат во нашето соседство.

Би сакал да напоменам дека овие цели можат да се поделат во три дела каде најмногу треба да се посветиме.

Прва цел е како да стигнеме до интернет односно како да стигнеме до поефикасен, побрз и се разбира, за жал, поефтин интернет, она што кај нас е многу скапо. Значи, треба да се обезбедат доволно услови цената на нашиот уред кој ќе не донесе до интернет и цената на самиот интернет да биде поефтина за да можеме да ја користиме.

Втора работа односно втор битен сегмент или втора цел е воведување на нова законска рагулатива или видоизменување на веќе постоечката или применување на законска регулатива која веќе постои. Примерот со неформирањето на телото за генерирање или давање на електронски потпис е пример за неспроведување на еден закон што беше прифатен од сите нас во Собранието. Мислам дека на тоа треба доста да се поработи.

Трет аспект е образованието во една поширока смисла, бидејќи во услови кога едно семејство мака мачи како да преживее вие треба да го убедите дека интернетот е неговата иднина или кон тоа треба да се стреми. Ние мораме да бидеме свесни дека образованието на нашите деца е приоритет број 1, власта во Републиката мора да создаде амбиент да се цени образованието, да знаат дека поефикасно и поквалитетно образование може да се добие и на друг начин и со тоа да се наметне еден приоритет односно да се создадат предуслови за оваа информатичка технологија. Кога зборуваме за оваа Декларација таа не се однесува само на интернет, не се однесува само на образованието, туку во себе како битен дел ја вклучува и дигиталната економија. Мора да напоменеме дека на овој начин се рушат бариерите и она што неколку пати беше нагласувано како приоритет на Македонија влегувањето во Светската трговска организација нашиот пазар *ќе се*

зголеми на 200 милиони корисници, единствениот начин како лесно ќе се пријавиме кон сите нив и ќе ги понудиме нашите производи е дигиталната економија, електронската комерција, електронското плаќање, на тој начин се рушат бариерите, во тој случај не постојат големи и мали земји или високоразвиени или слабо развиени економски земји, туку сите се еднакви на пазарот.

Не би сакал да ве задржувам повеќе, би апелирал на прифаќање на оваа декларација со што ќе се создадат предуслови за еден нов почеток каде ќе се цени развојот, знаењето и образованието, ќе занемариме некои појави кои беа во нашата земја во минатото, туку ќе се посветиме на оној правец кон кој оди цела европа и светот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Спанаков има збор.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Пратеничката група на Нова Демократија ќе ја поддржи Предлог -декларацијата за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија како национален приоритет и сметаме дека иднината на една држава зависи токму од развојот на ова информатичко општество.

Затоа апелирам до сите колеги пратеници да гласаат за оваа декларација и истата да ја донесеме со акламација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? - Има збор Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, би сакал да истакнам дека донесувањето поточно спроведувањето на оваа декларација е од огромно значење за иднината на РМ, што значи дека покрај синхронизацијата на нашето законодавство со европското, развојот на информатичкото општество е можеби уште поважно, бидејќи само со користење на овие технологии можеме да очекуваме побрз развој на Република Македонија и фаќање на чекор со светските трендови. - Даваме полна поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на декларацијата го ставам на гласање, меѓутоа не можеме да гласаме сега.

Видете, Собранието одлучува со гласање.

Имаме уште три закони, но немаме претставници од Владата.

Инфорациите се уште не ни се доставени.

Затоа, за да не се задржуваме, зошто се јавувате г. Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Во врска со дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дневниот ред е утврден, нема што да расправаме за дневниот ред.

Сега да ги повикаме пратениците да влезат во салата да го извршиме гласањето по точките по кои е завршена расправата.

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да го утврдиме точниот број на пратнеици, за да видиме дали можеме да го изведеме гласањето.

Можеме да почнеме со гласање.

Минуваме на точка 6 - Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општестве капитал за 2002 година.

Претресот по текстот на предлогот на програмата е заклучен. Предлогот на програмата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа 69 пратеници, и двајца сега може да гласаат тоа се 71 пратеник.

За гласаа 55 се за,15 воздржани и 1 пратеник е против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2002 година. За гласање надвор од листата господинот Благој Стојковски, а

Мирко Иванов гласаше воздржано надвор од листингот.

Седма точка - Предлог на закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаа 71 пратеник, за гласаа 66 пратеници, воздржано гласаа 5 пратеници, никој не гласаше против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Девета точка - Барање за давање на автентично толкување на член 55 од Законот за судовите, а во врска со одредбата на член 53 став 2 од Законот за работните односи, поднесена од претседателите на Републичкиот судски совет и од претседателот на Основниот суд Скопје II-Скопје.

Претресот по барањето е заклучен.

На Собранeто му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање на автенично толкување на член 55 од Законот за судовите а во врска со одредбата на член 53 став 2 од Законот за работните односи, поднесена од претседателите на Републич-киот судски своет и на Основниот суд Скопје II - Скопје, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до претседателите на Републичкиот судски своет и од претседателот на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, за гласале 52 пратенци, воздржано гласале 18 пратеници против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Десетта точка - Барање за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 2 од Законот за платниот промет, поднесен од Народната банка на Република Македонија.

Претресот по барањето е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на член 14 став 1 точка 2 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" број 31/2001, 50/2001, 52/2001, 103/2001 и 37/2002) поднесено од Народната банка на Република Македонија не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Народната банка на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 57 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, никој не гласал против."

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот. Единаесетта точка - Барање за давање на автентично толкување на член 7 од Законот за штрајк поднесено од АД "Винка" - Виница. - Заклучен е претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека барањето за давање на автентично толкување на член 7 од Законот за штрајк ("Службен лист на СФРЈ" број 23/1991 година, поднесено од АД "Винка" - Виница не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до

АД "Винка" - Виница.

Предложениот заклучок го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранкето го усвои предложениот заклучок.

Дванаесетта точка: Сега видете, имаме Декларација за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија, како национален приоритет.

Претресот е заклучен.

Господин Чедомир Краљевски, сака процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, иницијатори за донесување на оваа Предлог-декларција за забрзан развој на информатичкото општество и дигитална економија се нашите колеги, информатичари, господинот Јани Макрадули и Данило Глигоровски. Во оваа прилика сакам да искористам и да кажам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, комплетно се придружува во поддршка на оваа декларација а чинам дека тоа го стори и пратеничката група на ДПА на начин што координаторите на овие две пратенички групи по писмен пат се приклучија како копредлагачи на оваа декларација. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, Предлог декалрацијата ја ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласале вкупно 68 пратеници, за гласале 66 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници. Не гласал против ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата за забрзан развој на информатичко општество и дигитална економија во Република Македонија како национален приоритет.

Тринаесетта точка - Предлог за донесување на закон за одликување и признанија на Република Македонија со Предлог на закон.

Дали господин Дуљанов по овој закон е претставник или министерот?

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за одликување и признанија на Република Македонија. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 70 пратеници. За гласале 54 пратеници, воз-држано гласале 16 пртеници, против не гласал никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 52 пратеници, воздржано гласале 17 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот. Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара зтбор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржано гласале 18 пратеници, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за одликување и признавање на Република Македонија.

Четиринаесетта точка - Предлог на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој ИДА по Договорот за кредит на проектот за реформа на јавниот сектор.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Антова Велевска.

**МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА:**

Почитуван претседателе, имаме претставник од Владата. Јас би кажала дека сепак Владата на Република

Македонија се задолжува уште со еден нов кредит во износ од 15 милиони американски долари, дека овој кредит е исклучително поволен, меѓутоа тој кредит ќе се отплаќа. Во Прелдог на законот не би сакала да коментирам, би коментирала од ресорот на здравство. Да ве потсетам само во 1999 година е донесена на ова Собрание практично, програма и национална стратегија за реформа во јавниот сектор. Исклучително е чудно што во 2002 година токму за тие потреби се подига кредит, односно Република Македонија се задолжува со ИДА кредит, кој е дефинитивно договорен уште во почетокот на февруар месец. Се извинувам би сакала малку да се создадат услови за работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам потихо. Сега неможеме сите да зборуваме, зборува само оноі пратеник, кој добил збор.

**МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА:**

Исто така, сакам да посочам дека во подготовката на кредитот се користени два гранта, од кој што едниот сд Холандската а другиот од Јапонската Влада. Еден дел од грантот од Јапонската Влада е користен во Министерството за здравство, поточно тоа е уште една поддршка за која што секако ние сме благодарни на Јапонската Влада, поддршка за реформите и начинот на управување во Фондот за здравство. Меѓутоа, сакам да напомнам дека Фондот аз здравство нерационално ги користи средствата дадени од долговите кои ги отплаќаат граѓанигте на Република Македонија, затоа што и со кредитот чии транши се повлечени, а тоа е кредитот за реформи во здравството од ИДА проектот земен во 1996 година и реализирак односно искористен, дадени се големи ставки за реформа практично за процес за реформирање во Фондот. Реформите во Фондот практично се искористени за усовршување и се користени голема транша на средства од Меѓународната проектна единица за здравство и за менаџментот. Практично во точката 7 и 8 истите тие средства се веќе користени со подигнатиот кредит, исто така од ИДА во 1996 година за истите овие договори и начин на работење и мониторирање во самиот фонд. И се поставува прашањето ако искористил Фондот од средствата за здравствениот кредит во износ од 15,6 милиони американски долари, зошто е потребно тој повторно да не е реформирал, да не се рационализирал, да не направил обука на кадрите поврзана со новиот начин на работење и договори, туку се потребни уште пари за неговата работа која што знаеме дека Буџетот на самиот Фонд годишен е еден од големите, тој е стабилен и има доволно сами средства, постојат доволно стручњаци во Република Македонија и не е потребна повторна поддршка за истите потреби. Затоа сметам дека Министерството за финансии, потребно е многу критично и рационално да ги користи овие средства, затоа што се работи практично за сите стапки за реформи во јавниот сектор, а не да се дава на истите корисници кои имаат исклучителни добри и стабилни финансиски поддршки од самите осигуреници, бидејќи тој е тековен фонд, да ги користи средствата, практично од задолжувањето кое го исплаќаме или ќе го исплаќаме после одреден грејс период, практично заемот земен во 1996 година, па треба и во 2002 година повторно за истата работа да се даваат средства. Сметам дека е тоа нерационално и ме интересира во оваа точка 7 и 8 која се однесува за Фондот за здравство, бидејќи имав едно скудно објаснување од претставниците од Министерството за здравство на Комисијата за здравство, сакам да видам навистина колку проценти на овие средства ќе се користат за реформа во Фондот за здравство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. - Ве молам да глаеаме.

Вкупно гласале 75 пратеници. За гласале 56 пратеници.

Воздржано гласале 18 пратеници. Против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за задолжување на Република Македонија кај меѓународното здружение за развој ИДА по договорот за кредит на Проектот за реформа на јавниот сектор.

Минуваме на точката 15.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење со Предлогот

на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Влада.

Со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за девизно работење се предлага уредување на радикално системско решение, кое не само што е спротивно на останатите системски прописи, туку нема никакво оправдување кое би се гледало или огледало во интересот на државата за да направи радикална промена на системот.

Имено, во одредбите ка законот за банките предвидено е дека таму банките можат да извршуваат работи на трансфер на пари, односно да вршат платен промет со странство. Трансферот на парите, односно платниот промет со странство претставува строго банкарска работа која можат да ја вршат само банки кои од Народна банка на Република Македонија добиле овластување за вршење на платен промет и кредитни работи со странство, т.е. така наречено големо овластување. Тоа значи дека правно лице кое што нема дозвола од Народна банка на Република Македонија да извршува банкарски работи, не може да врши платен промет со странство, во кои спаѓа и трансферот на пари, било тоа да е преку банка, како што е предвидено во Предлогот. Досегашните искуства од работењето на правните лица по областа на трансферот на пари се негативни. Покрај тоа што се нелегални поради тоа што работеа досега без овластувања, наместо ваквото нелегали работење да се санкционира од страна на државата, со овој предлог за дополнување на законот со девизно работење се прави обид нелегалното досегашно работење на овие правни лица да се легализира, односно да се институционализира. Од ново, според одредбите на Законот за банки, дури низ секоја лиценцирана банка не може да врши платен промет, т.е. трансфер на пари кон и од странство, ако не ги исполнува дополнителните услови, како во однос на значително поголемиот капитален сензус, така и во однос на другите услови кои што се предвидени како претходни, услов да се исполнат за да се добие тоа таканаречено големо овластување.

Работењето на банките во платниот промет со странство строго се контролира од страна на Народната банка на РМ, како од аспект на спроведување на прописите од областа на девизното работење така и од аспект на примената на Законот за спречување на перење пари.

Со Законот за спречување на перење на пари, овие таканаречени институции, што се за трансфер за пари не се опфатени, па се поставува прашањето и од аспект за усогласеност на нашата регулатива и постапка со Европското законодавство во областа на перењето пари.

Услугите на институцијата која извршува трансфер на пари се значително поскапи за сметка на трансферот на пари. Ваква можност дава и банките кај кои услугите се поефтини и при брз трансфер на пари.

Досегашниот аргумент за доближување на трансферот на пари до населението не држи, кога се има предвид воведувањето на реформира-ниот платен систем во државата и прилично разгранетата мрежа на организациони делови на банките, кои ја покриваат целата држава.

Со оглед на претходно изнесеното, се поставува прашање од кои причини некој би се користел со услуги од институцијата за трансфер на пари и би платил значително повеќе, отколку во банка, ако тоа не е заради перење на пари или финансирање на нелегални дејности. Исто така, се почитуваат потребите на поединци за брзо и едноставно праќање и примање пари во светот во земјата и обратно.

Во Република Македонија ззасега постои легализиран трансфер на пари преку банка и воопшто нема причини трансферот на пари да се врши преку банкарскиот систем, каде што полесно ќе се контролира трансферот на пари, која го прави секоја правна држава.

Во овој предлог е предвидено правните лица кои извршуваат работа на трансфер на пари, да ги лиценцира Министерството за финансии а Народната банка да ги контролира заедно со девизниот инспекторат. Спротивно на прописите и Светските искуства е една институција да лиценцира извршување на некои работи и да ги утврдува критериумите, а друга институција да ги контролира и евентуално во врска со контролите да презема мерки.

Формално правно е против законито, во врска со преземањето на мерки, институцијата која не лиценцирала да укинува дозволи за работење. Ова значи дека во суштина правните лица кои го извршуваат трансферот на пари, нема да бидат контролирани.

Познато е дека девизниот инспекторат, при Министерството за финансии на РМ, поради бројноста на инспекторите не е во состојба во целост да извршува инспекција која врз основа на постојните прописи ја имаше досега со воведувањето на новото решение девизниот инспекторат ке има драстично поголем обем, доколку навистина се планира да се контролира на овие институции за трансфер на пари, што ќе значи зголемување на бројот на вработнеите во девизниот инспекторат и дополнителни трошоци на товар на државата, поради што и одново се поставува прашањето за интересот на државата за ваква избрзаното и неосмислено воведување на радикално ново решение, за кое државата нема визија дали е потребно, дали ќе има визија и како ќе спречи нелегален трансфер на пари и финансирање на нелегални активности.

Основна причина за донесување на ваков закон е најверојатно, коалиционата постапка помеѓу владеачките партии кои што се во власта. Јавна тајна е дека се сака да се легализира досегашното скоро тригодишно незаконско работење на фирма регистрирана според законот за трговски друштва, која се занимава со платен промет во странство, иако Министерството за финансии според мое сознание, преку својот девизен инспекторат има направено инспекција во тоа претпријатие кое што е регистрирано согласно законот за трговски друштва преку која што инспекција има утврдено бројни прекршувања, т.е. доста незаконски работења, кои што се утврдени, но дотука е застането, бидејќи досега Министерството за финансии не презело ништо тоа да се спречи, а сега во рамките на тие меѓусебни работи, меѓу тие двете партии во власта се предлага, тоа што досега се обавуваше да се легализира и тоа на начин кој што е пропишан согласно предложените измени на Законот за девизно работење. Ние навистина, ја чувствуваме потребата како пратеници да добиеме дополнители информации во однос на ова што претходно го кажав, а кој што ќе располага Министерството за финансии за опстојувањето и функционирањето на претпријатие кои што обавуваат трансфер на пари, а кои што не е во соглаасност со Законот за банки и другите закони кои што ја регулираат оваа сфера.

Исто така, во оваа држава треба да е познато дека во однос на трансферот на пари во или од земјата се случувале и одредени дејанија, кои што само да спомнам во една прилика значело едно лице од тутунска банка да подигне поголема сума на пари и тоа во специфични околности во која што се наоѓаше нашата дражва, т.е. познатите лански настани. Секако дека имаме многу причини, кои што во основа се против донесувањето на оваа измена, но дополнително јас би споменал и следните. Не може да се донесе оваа измена, ако претходно не се изменат системските закони кои ја регулираат оваа сфера. Од нив јас само ќе ги набројам следните: тоа е законот за платен промет, кој што е системски закон, тоа е законот за надворешно трговско работење, тоа е законот за финансиско работење, тоа е законот за трговски друштва, кое што ние еве, го имаме во процедура за измена, но кои што и во таа нова верзија не ја предвидува оваа дејнсот да се обавува.

И на крајот треба да се смени, ако сакате и националната квалификација на дејности, за после тие измени да се донесе овој закон.

Би завршил дека не постојат никакви интереси на државата за ваква измена, бидејќи оваа измена, која што се предвидува, овозможува паралелен валутен систем во РМ. Ние сме обврзани за хармонизирање на законодавството, со она кое што е важечко во ЕУ, и во тие рамки само пред скоро време се обврзавме дека ќе ги почитуваме сите закони кои што ја регулираат проблематиката, во врска со перењето на пари, и нивпата намена за лоши цели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има уште пријавени пратнеици за дискусија, мегутоа сега ќе ја прекинеме работата ќе продолжиме утре во 11,00 часот по сто и деветтата седница.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот.).